Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ
# ЗА 2022 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 01- 411/2 | Даниела Рендевска<br>[име и презиме] |
| Датум: | 30.3.2022 | Претседател<br>[функција] |
| Место: | Скопје | (м.п.) [потпис] |

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 1

I. ВОВЕД ........ 7

I.1 Мисија на Инспекцискиот совет ........ 8

I.2 Визија на Инспекцискиот совет ........ 8

I.3 Вредности и принципи на кои се темели Инспекцискиот совет ........ 8

II. ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ ........ 10

II.1 Статус и надлежности ........ 10

II.2 Организациска поставеност и човечки ресурси ........ 12

III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ........ 15

III.1 Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор ........ 15

III.1.1 Давање мислења на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор ........ 16

III.1.2 Давање на налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор ........ 17

III.2 Клучни производи и услуги на Советот ........ 19

III.2.1 Давање на согласност на Годишните планови за работа на инспекциските служби ........ 19

III.2.2 Давање мислења на Извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци ........ 19

III.2.3 Извештај за оценување на учинок на инспектор ........ 20

III.2.4 Донесување и спроведување на Програма за генеричка обука на инспекторите ........ 20

III.2.5 Спроведување на Програма за интерактивна обука на кандидати за инспектори и организирање на испит за општ дел ........ 22

III.2.6 Надргадба на базата на инспектори обучувачи ........ 24

III.2.7 Издавање на лиценца за инспектор ........ 25

III.2.8 Реиздавање на лиценца за инспектор ........ 26

III.2.9 Одземање на лиценца на инспектор ........ 28

III.2.10 Постапување по претставки на физички и правни лица ........ 28

III.2.11 Иницијативи за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на инспектор ........ 30

III.2.12 Одржување на Регистри на Советот ........ 32

III.2.13 Воспоставување на софтверско решение за е – инспекции ........ 32

III.3 Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност и меѓународна соработка ..... 36
III.3.1 Соработка со ЕБОР ..... 36
III.3.2 Соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо и УСАИД ..... 39
III.3.3 Соработка со Кабинетот на заменик претседателот на ВРСМ задолжен за политики за добро владеење ..... 41
III.3.4 Соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) ..... 42
III.3.5 Соработка со Министерството за информатичко општество и администрација ..... 46
III.3.6 Соработка со Министерство за труд и социјална политика ..... 47
III.3.7 Соработка со Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје ..... 48
III.3.8 Соработка со НВО Инфоцентар и партнерските организации ..... 48
III.4 Подобрување на работењето на Советот ..... 48
III.4.1 Вработување на стручни административни службеници ..... 48
III.4.2 Пополнување на работни места во Инспекциски совет ..... 49
III.4.3 Стратешки план на Советот 2023 – 2025 година ..... 49
III.4.4 Годишен план за работа на Советот за 2023 година ..... 52
III.4.5 Спроведување на обука за службениците во стручно-административната служба на Советот ..... 54
III.4.6 Годишен план за спречување на корупција на Инспекцискиот совет ..... 55
III.4.7 Мислење по однос на Интегрираниот извештај за државна реорганизација; Препораките за реогранизација на Инспекцискиот совет и Информацијата во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација“ за министерскиот систем за информатичко општество и администрација ..... 57
IV. БУЏЕТ И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ..... 61
V. ЗАКЛУЧОЦИ ..... 63

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |
| ГПР | Годишен план за работа за 2021 година |
| ДАРСМ | Државен архив на Република Северна Македонија |
| ДДИ | Државен девизен инспекторат |
| ДЗС | Дирекција за заштита и спасување |
| ДИГУ | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам |
| ДИЖС | Државен инспекторат за животна средина |
| ДИЗ | Државен инспекторат за земјоделство |
| ДИЛС | Државен инспекторат за локална самоуправа |
| ДИП | Државен просветен инспекторат |
| ДИТ | Државен инспекторат за транспорт |
| ДИТИ | Државен инспекторат за техничка инспекција |
| ДИШЛ | Државен инспекторат за шумарство и ловство |
| ДКИ | Државен комунален инспекторат |
| ДПИ | Државен пазарен инспекторат |
| ДРС | Дирекција за радијациона сигурност |
| ДСЗИ | Државен санитарен и здравствен инспекторат |
| ДТИ | Државен инспекторат за труд |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ИУЈ | Инспекторат за употреба на јазиците |
| МАЛМЕД | Агенција за лекови и медицински средства |
| МЗ-СХ | Министерство за здравство – Сектор за хемикалии |
| МК | Министерство за култура |
| МТВ-КПО | Министерство за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата Охрид |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ЗИН | Закон за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр.102/19) |
| УЗКН | Управа за заштита на културното наследство |
| УСЖС | Управа за сигурност во железничкиот систем |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Годишниот извештај за работа на Инспекцискиот совет за 2022 година е изработен врз основана член 16, став (3) од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр. 102/2019), согласно кој, Советот за својата работа поднесува годишен извештај[1] за информирање до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година.

Инспекцискиот совет е колегијален самостоен орган на државната управа, составен од претседател и шест члена, кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од четири години. Законските надлежности на Советот се утврдени со Законот за инспекциски надзор, и вклучуваат: воспоставување на електронскиот систем за инспекциско работење („Е-инспектор“); давање мислења на шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби; давање на согласност на Годишните планови за инспекциски надзор; обезбедување генерички обуки на инспекторите и интерактивна обука на кандидатите за инспектори; издавање и одземање на лиценци; додека пак, преку постапување по претставки доставени од физички и правни лица ги лоцира можните неправилности во работењето на поединечни инспектори, прибира податоци, ги анализира и презема мерки во ситуации во кои наводите се потврдени, со цел зголемување на довербата кај граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Визијата на Инспекцискиот совет е модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

Работата на претседателот и шесте членови на Советот, е поддржана од стручно-административната служба, со која раководи генерален секретар, а со Правилникот за систематизација на работните места, систематизирани се вкупно 38 работни места, од кои на крајот на 2022 година, вкупно се пополнети само 13.

Во текот на 2022 година, Инспекцискиот совет одржал вкупно 43 седници, на кои се разгледани вкупно 757 точки.

Во 2022 година, Советот разгледал и издал:

- 45 налози за вршење на инспекциски надзор, од кои во 9 случаи е утврдена повреда на законите

[1]Инспекцискиот совет изработува посебен детален Годишен извештај за работа на инспекциските служби, кој го доставува до Владата на РСМ

- 27 согласности на Годишни планови за работа на инспекциските служби за 2023 година (план не доставила само една инспекциска служба МЗ-СХ);
- разгледал и усвоил 25 Извештаи за работа на инспекциските служби за период јули-декември 2021 година, и е дадено позитивно мислење, додека три инспекциски служби немаат воопшто доставено извештај за работа и тоа: ДДИ и МЗ-СХ и УСЖС;
- разгледал и усвоил 27 извештаи за работа на инспекциските служби за период јануари-јуни 2022 година и за 25 е дадено позитивно мислење, за ДДИ е дадено општо мислење со укажувања, додека извештај нема доставено само МЗ-СХ;
- За информирање разгледал 22 извештаи за оценување на учинокот на инспекторите за 2021 година, додека 6 инспецикси служби не доставиле извештај (ДДИ, МЗ-СХ, АМС, УСЖС, ДЗС и ЦУК).

Генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година беа реализирани преку самостојно учење на ЛМС Платформата односно преку електронскиот систем за управување со стручното усовршување и обука на инспекторите. За секоја завршена генеричка обука системот генерира сертификат на име на инспекторот која ја реализирал обуката во целост. Според податоците во системот, во 2022 година се генерирани вкупно 2.918 сертификат за успешно реализирани генерички обуки на инспекторите во 2022 година.

Во согласност со член 49 став 3 од ЗИН, Советот на 23.06.2022 година донел Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година, која е проширена со една нова тема: Систем на интегритет во инспекциските служби, чиј вкупен број изнесува 14.

Во текот на 2022 година реализирани се вкупно две интерактивни обуки за кандидати за инспектори. Во периодот март-мај 2022 година, интерактивната обука ја посетиле вкупно 25 инспектори, а во периодот септември-декември 2022 година обуката ја посетиле вкупно 41 инспектори. Вкупната бројка на обучени инспектори од страна на Инспекциски совет изнесува 66 во текот на 2022 година, односно 31 обучен инспектор на државно ниво и 35 обучени инспектори на локално ниво.

Во текот на 2022 година Советот ја надгради базата на инспектори обучувачи, цел континуитет во спроведувањето на интерактивните обуки и при тоа 14 инспектори од различни инспекциски служби се обучија за обучувачи, како и четири администартивни службенци од стручно-административната служба на Советот.

Во текот на 2022 година, после успешно спроведените интерактивни обуки, практичната работа и положениот практичен испит за инспектор, Инспекцискиот совет издаде вкупно 97 лиценци за инспектор, од кои 58 лиценци на државни и 39 лиценци на општински инспектори. Дополнително, Инспекцискиот совет во 2022 година започна со процесот на реиздавање на лиценците кои беа издадени во 2016 година, со важност од 6 години и има реиздадено вкупно 792 лиценци за инспектори со трајна важност. Истовремено, врз основа на известувања од инспекциските служби, одземени се вкупно 68 лиценци за инспектор, по сила на закон, заради исполнување на условите за стекнување право на

старосна пензија, и една лиценци за инспектор, по сила на закон, заради сторено кривично дело.

Во текот на 2022 година, Инспекцискиот совет разгледал вкупно 481 претставки, од кои 124 претставки се однесуваат на работата на инспекторите, 33 претставки се однесуваат на барање за инспекциски надзор, 241 претставки се препратени во надлежност на инспекциските служби, општините, како и на други органи на државната управа. Дополнително, од вкупниот број на поднесени преставки , за 112 побарани се дополнителни податоци и/или е констатирано дека се неосновани или некомплетни. Останатиот број од вкупниот број на поднесени претставки во Инспекцискиот совет, се од ист подносител и се со назив „известувања", „приговори", „жалби" и слично, кои и покрај тоа што се поднесени како претставки, според содржината не се такви. Како показател во споредба со 2021 година биле поднесени 384, во 2022 година поднесени се за скоро 20 % повеќе. Тоа упатува на зголемување на довербата која граѓаните ја имаат во Инспекцискиот совет и препознавање на неговата улога во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија.

Врз основа на доставени претставки против работата на инспекторите, за кои Советот утврдил дека се основани, во текот на 2022 година поднесени се 15 иницијативи за утврдување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап. Врз основа на повратните информации од инспекциските служби, поведени се 8 дисциплински постапки, за 5 иницијативи не се поведени дисциплински постапки, а 2 се застарени согласно Законот за административни службеници.

Инспекцискиот совет во текот на 2022 година интензивно работеше на развивање на софтверско решение („Е-инспектор"), за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, кој ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под негова јурисдикција. Во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Основната цел на овој проект е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ). Во врска со осовременувањето на хардверската подготовка на 13 инспекциски служби, Советот успеа да обебзеди преносни компјутери за сите инспектори со поддршка од Владата на РСМ и Државниот завод за статистика преку Договори за давање на трајно користење на движни ствари без надомест, со кои 118 преносни компјутери се доделени на трајно користење на 13те инспекциските служби. За останатата информатичка опрема (Решение за печатење во возило, без инсталација), согласно изјавените потреби на 13 инспекциски служби, Инспекцискиот совет, спроведе јавна набавка, број 14482/2022, со предмет на договорот на набавка - Набавка на печатари за системот Е-инспектор (Решение за печатење во возило, без инсталација).

Врз основа на Одлука за престанок и давање на користење на движна ствар на Инспекциски совет, донесена од Владата на Република Северна Македонија, под број 41-3864/1 од 03.05.2022 година, склучен е Договор за трајно користење на движна ствар без

надомест со број 03-751/3 од 23.06.2022 година меѓу Министерството за информатичко општество и администација и Инспекциски совет за уредување на правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на софтверска програма за автоматизација на иснпекциската постапка и инспекциското работење Е-инспектор.

По предавњето на изворниот код за системот Е-инспектор од МИОА на Инспекцискиот совет, Совет, објави оглас за јавна набавка, со предмет на договорот на набавка - Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор и склучи Договор за Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор кој е со важност од 12 месеци. Одржувањето на системот Е-инспектор е во рамки на проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБОР, од страна на ИТ компанијата ИТгма, која ги развива 13 модули за приклучување на 13-те инспекторати на информацискиот систем за инспекциски надзор Е – инспектор (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ).

Исто така, Инспекцискиот совет во улога на координатор на посредните корисници потпиша поединечни договори со 13те инспекциски служби (посредните корисници) за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина. Предмет на овие договори е уредување на начинот на размена на податоците и документите по електронски пат помеѓу посредените корисници на единствена околина, што ќе овозможи пристап до точни и ажурни информации и податоци, а со цел ефикасно и непречено функционирање на Информацискиот систем за спроведување на инспекцискиот надзор Е – Инспектор.

Со цел да се даде преглед на состојбите со човечките ресурси во инспекциските служби, во однос на бројот на систематизирани работни места на инспектори во 2022 година, планираните пензионирања на инспектори во 2022, 2023 и 2024, како и да се дадат препораки за подобрување на состојбите и идниот развој на инспекциските служби, Советот во декември 2022 година изработи Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во 2022 година и истата во јануари 2023 година ја достави до Владта на Република Северна Македонија. Според Информацијата, пополнетоста на работните места во инспекциските служби изнесува само 60 %.

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности за унапредување на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации.

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, заради подобрување на координацијата, утврдување на механизми за олеснување на меѓуинституционалната комуникација, со цел

зголемување на ефикасноста на антикорупцискиот систем во целина и дигитализација на општеството преку воспсотвaување и одржување на системот Е-инспектор.

Инспекцискиот совет и во 2022 година ја продолжи интензивната соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција за една активност, додека во други 6 активности е наведен како вклучена институција. Исто така, Советот на 31.03.2022 година склучи Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупција.

Инспекцискиот совет во текот на 2022 година реализираше интензивна и продуктивна соработка со Министерството за информатичко општество и администарција (МИОА) во рамки на изработката на новата Стратегија за реформа на јавната администрација за период 2023-2030.

И во текот на 2022 година Советот ја продолжи соработката со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Имено, во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБОР. Основната цел на овој проект е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ).

Инспекцискиот совет во периодот мај – август 2022 година реализираше соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо, за реализација на Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Во рамки на оваа соработка се реализираа следните активности: Анализа на потенцијални „жешки точки" за појава на корупцијата во работењето на инспекциските служби; Изработка на Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација на Систем на интегритет во инспекциските служби, Квиз за интегритет), како и подготовка на SCORM електронска обука на македонски и албански јазик; Изработка на видеоспот за Е-инспектор и 5 инфографици (што е Е-инспектор, Кои се придобивките на Е-инспектор, Е-инспектор функционира преку, Улога и надлежности на Инспекцискиот совет и Поднеси претставка) на македонски и албански јазик; Подготовка на Стратешки насоки за организација и работа на инспекциските служби; и Подготовка на Извештај за предлог измените на Законот за инспекциски надзор.

Инспекцискиот совет е вклучен во проектот „Поттикнување на јавната дебата за отчетност" на Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје, поддржан од Националниот фонд за демократија. Во текот на 2022 година Советот активно учествуваше на работилниците кои се организираа од страна на Институтот, а кои се однесуваат на стратешкото справување со идните антикорупциски предизвици.

Во текот на 2022 година во рамките на проектот „Локални инспекциски служби во интерес на граѓаните“, во организација на НВО Цивика мобилитас, НВО Инфоцентар и НВО Спектар се реализираа шест (6) Работилници по планските региони, и тоа во: Штип, Велес, Битола, Струмица, Тетово и Скопје (во Куманово и Струга работилниците се одржаа во 2021 година). На работилниците предавач за Законот за инспекциски надзор беше членот на Инспекциски совет, Благоја Гешоски кој исто така учествуваше и на завршната дебата на овој проект со наслов на тема „Закон за инспекциски надзор и локалните инспектори – придобивки и предизвици“. На 8-те работилници активно учествуваа 186 општински инспектори од 46 општини од сите осум плански региони.

Вкупниот одобрен буџет за 2022 година на Инспекциски совет, изнесуваше 86.020.000,00 денари, согласно Буџетот на РСМ за 2022 година (Сл.весник на РСМ 287/2021 од 20.12.2021 година). Во текот на годината, Буџетот на Инспекциски совет е намален на 27.285.000,00 денари, по барање на Советот, а од причина што планираните средства за развој на процесот на инспекциски надзор (втора фаза, вклучување на 13 приоритетни служби) на износ од 21.000.000,00 денари Советот успеа да ги обезбеди преку проектот ”Развој на е-инспектор, продолжување на поддршката на реформи на инспекцискиот систем”, финанасиран од Европска Банка за обнова и развој (ЕБОР), планираните средства за преносни компјутери за 16 инспекциски служби на износ од 32.000.000,00 денари Советот успеа да ги обезбеди преку Договори за трајно давање на движна ствар без надомест со Државниот завод за статистика, како и намалување од 2.000.000,00 денари кои беа предвидени за вработување на три ИТ лица со Договор на дело, кои не се реализираа во текот на 2022 година. Буџетот од 27.285.000,00 денари е реализиран со 95,75%, односно реализирани се 26.125.657,00 денари и тоа: 15.731.486,00 денари за Плати и андоместоци на вработените, 3.924.713,00 денари за Стоки и услуги и 6.469.458,00 денари за Капитални расходи.

Во 2023 година Инспекциски совет ќе располага со буџет од 52.592.000,00 денари, согласно Буџетот на РСМ за 2023 година (Сл.весник на РСМ 282/2022 од 27.12.2022 година) и тоа: 18.000.000,00 денари за Плати и надоместоци на вработените, 11.600.000,00 денари за Стоки и услуги и 22.932.000,00 денари за Капитални расходи. Реализацијата на дел средствата за Капиталните расходи, на ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства на износ од 13.932.000,00 денари, кои се предвидени за Развој на процесот на инспекциски надзор (трета фаза) за останати 12 инспекциски служби, ќе зависи од процесот на реорганизацијата и оптимизацијата на инспекциските служби.

# I. ВОВЕД

Согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), донесен на 22.5.2019 година, а чија примена отпочна од 30.11.2019 година, Инспекцискиот совет има надлежности врз 28 инспекциски служби, од кои 15 функционираат како државни инспекторати, а 13 инспекциски служби функционираат како организациски единици во други органи на државната управа. Во рамки на овие инспекциски служби се утврдени 45 видови инспектори, а заклучно со 31 декември 2022 година, вработени се 889 инспектори кои вршат инспекциски надзор.

Примарната цел на Инспекцискиот совет е преку реформи во инспекцискиот систем да придонесе за унапредување на капацитетот на службите задолжени за владеење на правото, за заштита на правата на граѓаните, заштита на животот и здравјето, заштита на конкурентноста на пазарот и заштита на фискалните интереси на државата.

Стремежот на Инспекцискиот совет е преку спроведувањето на реформите во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија, да ја врати довербата на граѓаните и бизнис секторот во инспекциските органи, кои со зајакнати и реформирани капацитети ќе ја унапредат и примената на регулативата, како и заштитата на правата на сите инволвирани страни. Крајната цел е изградба на систем кој гарантира стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, во која вработувањето и напредувањето во кариерата ќе се заснова и ќе зависи само од способностите на инспекторите.

Најголем предизвик за Советот во наредниот период и понатаму останува доизградбата  на електронскиот систем за инспекциски надзор со нови 13 модули за 13 инспецики служби. Системот треба да овозможи електронска распределба на надзори по инспектори, следење на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, шестмесечни извештаи и други типови на извештаи, за секоја инспекциска служба. Придобивките од овој систем за субјектите на надзор се далеку поголеми отколку за самите инспектори и инспекциски служби. Овој систем ќе го намали субјективното влијание на инспекторот кој го врши инспекцискиот надзор. Преку автоматизирани листи за проверка со кои ќе бидат прецизирани правата и обврските, но и мерките за не исполнетоста на обврските, инспекцискиот надзор ќе биде објективен, унифициран и без можност за манипулација, со што ќе се зголеми правната сигурност и довербата на граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Инспекцискиот совет особено внимание посветува и на соработката со сите релевантни домашни и странски институции од владиниот, невладиниот и граѓанскиот сектор. Целта на овие соработки, пред се, е зајакнување на улогата на Советот во системот на хоризонтална координација на инспекцискиот надзор и обезбедување на целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко), на неговата улога и значење во процесот на реформата на јавната администрација.

Реализацијата на надлежностите и програмските определби на Советот, во многу аспекти зависи од воспоставувањето и одржувањето на добра и активна соработка и комуникација со различни институции, организации, медиуми и општа јавност, како домашни, така и странски., како и од започнатиот процес на реорганизација на државната управа.

## I.1 Мисија на Инспекцискиот совет

Мисијата на Инспекцискиот совет е обезбедување и владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, унапредување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и унапредување на конкурентен економски амбиент, во рамките на делокругот на неговата работа. Со донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 102/19) дополнителна мисија е да се воведе нов концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор и воспоставување на информациски систем за инспекциски надзор кој ќе биде целосно интегриран во информацискиот систем на државната управа, односно преку платформата за интероперабилност ќе биде поврзан со другите информатички системи со кои ќе може да се разменуваат податоци и информации. Ова мисија има за цел да се постигне поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор, но и да се унапредат механизмите за вршење на инспекциски надзор.

Својата мисија, Инспекцискиот совет ја остварува, пред се, преку целосно и доследно спроведување на законската и подзаконската регулатива во областите од делокругот на неговата работа, обезбедувајќи нејзин тренд со современите потреби и реформски текови во Република Северна Македонија.

## I.2 Визија на Инспекцискиот совет

Модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

## I.3 Вредности и принципи на кои се темели Инспекцискиот совет

Основните принципи во работењето на Инспекцискиот совет, се темелат на неколку вредности чие што најшироко прифаќање од сите заинтересирани страни гарантира успешност. Тие вредности се следните:

- Транспарентност
- Отчетност
- Сигурност
- Партнерство

- Општествена одговорност
- Учество на јавноста
- Почитување на законите
- Зелена индустрија
- Здрава популација

# II. ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

## II.1 Статус и надлежности

Инспекцискиот совет е колегијален самостоен орган на државната управа, составен од претседател и шест члена, кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од четири години. Актуелниот состав на Советот го сочинуваат:

- Даниела Рендевска, претседател,
- Игор Вељаноски, надлежен член за област 1 – пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа;
- Влатко Серафимов, надлежен член за област 2 – животна средина и заштита на здравјето на луѓето;
- Ресул Шемо, надлежен член за област 3 – градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт;
- Меџит Јусуфи, надлежен член за област 4 – земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна;
- Ќерамедин Селими, надлежен член за област 5 – образование, наука и култура, и
- Д-р Благоја Гешоски, надлежен член за област 6 – управа.

Советот работи и одлучува на седница. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а ги потпишува претседателот или член на Советот, кој што, по овластување на претседателот, претседавал со седницата.

Работата на Советот е уредена со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19) и со Деловник за работа, кој го донесува самиот Совет. За своето работење Советот донесува тригодишен Стратешки план, Годишен план за работа, а за спроведувањето на законските надлежности и останатите работни задачи, известува преку Годишен извештај за работата, кој го доставува до Владата и Собранието на Република Северна Македонија.

Законските надлежности на Инспекцискиот совет се дефинирани со член 18 од ЗИН, според кој Советот ги врши следните работи:

1) ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

2) се грижи за примената на меѓународно признатите стандарди за инспекциски надзор пропишани од меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, како и за стандардите и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;

3) дава писмена согласност на годишниот план за инспекциски надзор наинспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

4) дава мислење на методологиите за процена на ризик донесени од инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

5) дава мислење на шестмесечните извештаи за инспекциски надзор на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

6) дава мислење на предлозите на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор;

7) донесува насоки за изготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациските единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, врз основа на кои Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност;

8) подготвува годишен извештај за работа на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, кој го доставува до Владата;

9) издава налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор, на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

10) донесува програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор;

11) донесува програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и го организира и спроведува општиот дел од испитот за лиценца за инспектор;

12) издава и одзема лиценца за инспектор;

13) развива политики за управување со учинокот на инспекторите и ја следи успешноста нанивното работење;

14) креира единствена рамка за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

15) воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

16) донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

17) донесува стратешки план, годишен план за работа и годишен извештај за работа на Советот;

18) воспоставува и одржува регистри и информациски систем за управување со инспекцискиот надзор;

19) постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;

20) поднесува предлог за разрешување на директор на инспекциска служба;

21) поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор;

22) спроведува меѓународна соработка во областа на инспекциски надзор.

## II.2 Организациска поставеност и човечки ресурси

Работата на претседателот и шесте членови на Советот, е поддржана од стручно-административната служба, со која раководи генерален секретар на начин кој обезбедува законито, стручно, одговорно, навремено и економично работење. Актуелен Генерален секретар на Советот е м-р Сашо Мержаноски.

Вработените во стручно - административната служба на Советот имаат статус на административни државни службеници и за истите се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

Согласно Правилникот за внатрешна организација на Инспекцискиот совет[2] бр. 01-164/1 од 31.1.2020 година, во организациската структура на Советот се утврдени три сектори со по две одделенија, како и едно самостојно Одделение за финансиски прашања, независно од останатите организациски единици на Советот (Графикон 1).

[2]https://is.gov.mk/wp-content/uploads/2020/11/2020-Правилник-за-организација-скениран.pdf

Графикон 1 Органограм на Инспекциски совет




Во Правилникот за систематизација на работните места во Инспекцискиот совет[3] бр. 01181/1 од 3.2.2020 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Инспекцискиот совет, бр. 01-494/1 од 26.05.2021 година, систематизирани се вкупно 38 (триесет и осум) работни места, на девет различни нивоа, од кои на крајот на 2022 година вкупно се пополнети 13 (Табела 1).

Табела 1. Пополнетост на работните места во Инспекцискиот совет (состојба на 31.12.2022 година)

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А02 | 1 | 1 |
| Б02 | 3 | 1 |
| Б04 | 7 | 2 |
| В01 | 15 | 5 |
| В02 | 1 | 0 |
| В03 | 2 | 0 |
| В04 | 6 | 4 |
| Г01 | 1 | 0 |
| Г02 | 1 | 0 |
| Вкупно | 38 | 13 |

[3] https://is.gov.mk/wp-content/uploads/2020/11/ 2020-Правилник-за-систематизација-скениран.pdf

Од вкупно 19 вработени во Советот (12 административни службеници и 7 именувани лица), сите 19 се со високо образование, 9 се жени, а 10 се мажи, 7 се на возраст до 40 години, а 12 над 40 години, 13 се македонци, 5 албанци и 1 турчин.

Во периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година на двајца македонци - именувани лица постари од 40 години, им престанал мандатот, а на нивни места му започнал мандатот на други именувани лица македонци, постари од 40 години.

Во Советот вработено е лице на определено време (македонка постара од 40 години, со средно образование), сметано од 15.06.2022 година, заклучно со 31.12.2022 година.

Деталната полова, возрасна, образовна и етничка структура на вработените во Советот, е презентирана во Табела 2, во којашто не се прикажани податоците за вработеното лице на определено време.

Табела 2. Структура на вработените во Инспекцискиот совет (состојба на 31.12.2022 година)

| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | <40 год. | >40 год. | <40 год. | >40 год. | <40 год. | >40 год. | <40 год. | >40 год. |
| Именувани лица | М | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 6 |
| | Ж | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Државни службеници | М | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | Ж | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 3 |
| Вкупно | М | 2 | 3 | 0 | 4 | 0 | 1 | 2 | 8 |
| | Ж | 4 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4 |
| Се вкупно | | 6 | 7 | 1 | 4 | 0 | 1 | 7 | 12 |

# III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2022 година, Инспекцискиот совет одржа вкупно 43 седници, од кои 39 редовни и 4 вонредни, на кои се разгледани вкупно 757 точка. Компаративно, во однос на 2021 година, Советот има одржано 6 седници помалку, на кои рагзгледал 272 точки повеќе во однос на 2021 година.

## III.1 Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор

Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), воведе обврска во рок од шест месеци по влегување во сила, сите материјални закони по кои постапуваат инспекциските служби да се усогласат со него, имајќи ги во предвид насоките за усогласување на посебните закони издадени од Министерството за информатичко општество и администрација, со цел воведување на унифициран систем за инспекциски надзор. Иако овој рок измина уште во 2019 година, за жал поради различни причини, вклучувајќи го неработењето на Собранието на РСМ во првото полугодие од 2020 година, добар дел од законите се уште не се усогласени со ЗИН, поради што ова ќе остане еден од главните приоритети на Советот во оваа област.

Имено, согласно своите надлежности, Инспекцискиот совет води Регистар на закони и подзаконски акти по кои постапуваат инспекторите кои се под надлежност на Инспекцискиот совет, и вкупниот број на закони во Регистарот изнесува 212. Согласно евиденцијата на Инспекцискиот совет, од влегувањето во сила на ЗИН-от, до ИС се доставени на мислење и разгледани на седница, вкупно 107 закони. Инспекцискиот совет се има произнесено со коментари по сите доставени закони, а по дадените коментарите се постапило само во 28 закони, за кои ИС има евиденција дека се усогласени со ЗИН-от. Воедно, Инспекциски совет изврши проверка дали усогласените закони со ЗИН се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, при што се констатираше дека само 26 од законите кои се усогласени со ЗИН се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Од таа причина, Инспекцискиот совет се обрати до Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија со цел да добие информација колку од материјалните закони од Регистарот на закони кој го води ИС, се усогласени со ЗИН, ја имаат поминато владината процедура и се доставени до Собранието на Република Северна Македонија.

Дополнително, Советот и инспекциските служби во негова надлежност, во нивното тековно работење наидуваат на отворени прашања, кои бараат интервенција во законодавството со цел негово доследно имплементирање. За таа цел, Советот, до соодветните предлагачи на тие закони, дава предлози за нивно изменување или дополнување. Во таа насока до МИОА во септември е доставен Извештај со предлог измени на Законот за инспекциски надзор кој беше изработен во рамки на Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција заедно со ресорните министерства кои имаат инспекциски служби, како вклучени институции, да ја спроведат активноста Анализа на законските надлежности на инспекциските служби, чија цел е јакнење на надзорните и контролните механизми, преку прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби. Согласно оваа обврска, Инспекцискиот совет упати циркуларен допис со сите 28 инспекциски служби, да дадат свое мислење и да укажат на евентуално преклопување на законските надлежности. Повратен одговор е добиен од 13 инспекисцки служби и ова прашање се очекува детално да биде разработено од страна на Советот и инспекциските служби, во првата половина на 2023 година.

Дополнително, во врска со следењето на законските обврски и прописи, од страна на Владата на Република Северна Македонија на 72-та седница одржана на 23 август 2022 година го усвои текстот на Информацијата за план на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории со акциски план. Во Т.2 од Информацијата, Инспекцискиот совет беше задолжен првиот збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето да го достави до Владата до 15 февруари 2023 година. Инспекцискиот совет на 289-та седница, го разгледа и усвои збирниот извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушењето, и истиот го достави до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за здравство.

Со цел, усогласување на Правилникот за формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор (Службен весник на РСМ, бр. 238/19 ) со Законот за употреба на јазиците (Службен весник на РСМ, бр. 07/19), а во консултација со Секретаријат за законодавство, Инспекцискиот совет на 255-тата редовна седница одржана на 06.04.2022 година донесе нов Правилник за формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор и истиот е објавен во Службен весник на РСМ, бр. 88/22 од 08.04.2022 годин.

### III.1.1 Давање мислења на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор

Во функција на усогласување на материјалните закони со ЗИН, Советот во 2022 година разгледа и даде мислење за 8 предлози за изменување и дополнување на предлог закони, од сите области (Табела 3) и 3 предлози на подзаконски акти

Табела 3 Преглед на Предлог-закони и подзаконски актиза кои Инспекцискиот совет издал мислење во 2022 година

| РБр | Назив на законот |
|---|---|
| 1 | Закон за воздухопловството |
| 2 | Закон за просветната инспекција |
| 3 | Закон за метрологија |

| РБр | Назив на законот |
|---|---|
| 4 | Закон за нус производи од животински потекло |
| 5 | Законот за безбедност на храната за животни |
| 6 | Закон за административните службеници |
| 7 | Закон за комунални дејности |
| 8 | Ззакон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење |

| РБр | Назив на подзаконски акти |
|---|---|
| 1 | Уредба за начинот на воспоставување и работење на системот за брза размена на информации за произоводи кои претставуваат ризик |
| 2 | Уредба за начинот на воспоставување и работење на системот за брза размена на информации |
| 3 | Правилник за постапка за известување, за начинот, критериумите и методите за проценка на ризикот од страна на производителите и дистрибутерите и за формата и содржината на образецот за известување од прозиводителите и дистрибутерите за производи кои претставуваат опасност за потрошувачите |

### III.1.2 Давање на налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор

Еден од клучните контролни механизми на Советот, е секако можноста по поднесен предлог или по службена должност, да издаде налог за вршење на поединечен или заеднички инспекциски надзор. Во 2022 година, Советот издал вкупно 31 налог за вршење на инспекциски надзор, кои се распредлени на една или повеќе инспекциски служби (Табела 4), од кои 25 налози се издадени по поднесени претставки од физички или правни лица, додека 6 налози се издадени од Советот, согласно ЗИН.

Од нив, од кои 30% или 16 налози се издадени на инспекциските служби од Област 1 – Пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа и 13 налози или 30% од Област 6 Управа, додека најмалку налози се издадени во Област 4– Земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, само 2 налози за вршење на инспекциски надзор.

Табела 4. Преглед на издадени налози за инспекциски надзор во 2022 година, по резултат

| Област/ Инсп.Служ. | | Со утврдени неправилности | Без утврдени неправилности | Во тек | Не спроведени | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Област 1 | | 3 | 12 | 1 | 0 | 16 |
| 1 | ДПИ | | 4 | | | 4 |
| 2 | ДТИ | 3 | 7 | 1 | | 11 |
| 3 | ДИТИ | | 1 | | | 1 |
| 4 | ДДИ | | | | | 0 |
| Област 2 | | 2 | 5 | 0 | | 7 |

| Област/ Инсп.Служ. | | Со утврдени неправилности | Без утврдени неправилности | Во тек | Не спроведени | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | ДИЖС | 1 | 3 | | | 4 |
| 6 | ДСЗИ | 1 | 2 | | | 3 |
| 7 | МАЛМЕД | | | | | 0 |
| 8 | МЗ-Х | | | | | 0 |
| 9 | ДРС | | | | | 0 |
| 10 | ДЗС | | | | | 0 |
| 11 | ЦУК | | | | | 0 |
| Област 3 | | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 |
| 12 | ДКИ | | | | | 0 |
| 13 | ДИГУ | | 2 | | | 2 |
| 14 | ДИТ | | | | | 0 |
| 15 | УСЖС | | | | | 0 |
| 16 | МТВ | 0 | 1 | | | 1 |
| Област 4 | | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| 17 | ДИЗ | | | | | 0 |
| 18 | АХВ | | 2 | | | 2 |
| 19 | ДИШЛ | | | | | 0 |
| Област 5 | | 1 | 3 | 0 | 0 | 4 |
| 20 | ДИП | 1 | 3 | | | 4 |
| 21 | УЗКН | | | | | 0 |
| 22 | МК | | | | | 0 |
| Област 6 | | 3 | 10 | 0 | 0 | 13 |
| 23 | ДУИ | 3 | 8 | | 0 | 11 |
| 24 | ДИЛС | | 1 | | | 1 |
| 25 | ДАРМ | | | | | 0 |
| 26 | ИУЈ | | | | | 0 |
| 27 | МТСП | | 1 | | | 1 |
| 28 | АМС | | | | | 0 |
| СЕ ВКУПНО | | 9 | 35 | 1 | 0 | 45 |

Од вкупниот број на издадени налози, во 9 случаи е утврдена повреда на законите (најголем број неправилности се утврдени од страна на ДТИ 3 и ДУИ 3) додека во 35 случаи (најголем број на случаи кај ДУИ 8, ДТИ, 6, ДПИ 4) не е утврдено отстапување од законот од страна на субјектите на инспекциски надзор.

Споредбено, вкупниот број на издадени налози за инспекциски надзор (45) наспроти во 2021 година (110), покажува намалување за околу 60% и Советот е на мислење дека ова намалување на бројот на надзори се должи на подобрениот однос на инспекциските служби кон граѓаните и бизнис заедницата, што секако е последица и на континуираната соработка на Инспекцискиот совет со инспекциските служби, обуките кои ги спроведува Советот во насока на едукација на инспекторите.

### III.2 Клучни производи и услуги на Советот

Во оваа приоритетна област, чија цел е обезбедување на извршувањето на клучните законски обврски на Советот, кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор, како и негово целосно спроведување, во функција на системот на инспекциски надзор, кој треба да обезбеди стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, беа планирани следните резултати:

#### III.2.1 Давање на согласност на Годишните планови за работа на инспекциските служби

Согласно член 33, став (2) од ЗИН, инспекциските служби имаат обврска да изработат Годишен план за работа на инспекциската служба, кој најдоцна до 15 ноември се доставува до Инспекцискиот совет. Планот треба да биде подготвен согласно Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19).

Во однос на Годишниот план за работа за 2023 година, кои се разгледуваат во периодот ноември-декември 2022 година, Советот ги разгледал и прифатил плановите на 27 инспекциски служби, додека МЗ-СХ, воопшто не доставиле Годишен план за работа во 2023 година.

#### III.2.2 Давање мислења на Извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци

Согласно член 35, став (1) од ЗИН, „Извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци, го донесува директорот односно раководителот на инспекциската служба од член 26 на овој закон, најдоцна до 15 јули за периодот јануари – јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули – декември од претходната година, кој се објавува на веб страната на инспекциската служба“ и став (2) „Извештајот од став (1) на овој член, за работата на инспекциските служби од член 26, став (1), точки 1 и 2 од овој закон, најдоцна до 31 јули односно 31 јануари, се доставува до Советот, во електронска и хартиена форма“.

За периодот јули-декември 2021 година, Советот во 2022 година разгледал и ги прифатил односно издал позитивно мислење на Извештаите за работа на 25 инспекциски служби, додека 3 инспекциски служби (ДДИ, МЗ-СХ и УСЖС) не доставиле извештаи.

За периодот јануари-јуни 2022 година, Советот разгледал 27 извештаи и издал 26 позитивни мислења, на ДДИ е дадено општо мислење со укажување, додека само МЗ-СХ нема доставено извештај.

Со оглед на фактот дека само МЗ-СХ не ги исполнува законските обврски утврдени во ЗИН надлежниот член на 286-та редовна седница референраше за недоследната примена на Законот за инспекциски надзор од страна на Министерството за здравство – сектор хемикалии и беше доставено известување до министерот, заменик министерот и

државниот секретар на министерството за здравство, со цел надминување на оваа состојба, но до составувањето на овој извештај Советот нема добиено повратен одговор од Министерството за здраство.

### III.2.3 Извештај за оценување на учинок на инспектор

Согласно член 61 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр.102/19), а врз база на индивидуалните оцени на инспекторите во инспекциската служба, директорот односно раководителот на инспекциската служба подготвува и најдоцна до 15 март, до Инспекцискиот совет, како материјал за информирање доставува извештај за оценување на учинокот на инспектор во хартиена и електронска форма. Советот во 2022 година, како материјал за информирање разгледал 22 извештаи за оценување на учинокот на инспекторите за 2021 година, додека 6 инспецикски служби не доставиле извештај (ДДИ, МЗ-СХ, АМС, УСЖС, ДЗС и ЦУК).

### III.2.4 Донесување и спроведување на Програма за генеричка обука на инспекторите

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор се воспостави целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Ваквиот систем ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година, беше реализирани преку ЛМС платформата за електронско следење на обуки, преку принцип за самостојно учење, на поставени прирачници, обуки и квизови за проверка на знањето. За секоја завршена генеричка обука Електронскиот систем генерираше сертификат на име на инспекторот кој обуката ја реализирал во целост.

Врз основа на добиените податоци од системот за електронско следење на обуки беше утврдено дека се генерирани вкупно 2.918 сертификати за реализирани генерички обуки за 2022 година или подетално:

Табела 5. Преглед на издадени сертификати, по теми

| Бр. | **Област/Тема** | **Издадени сертификати** |
|---|---|---|
| Тема 1.1 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | 244 |
| Тема 1.2 | Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор) | 299 |

| | | |
|---|---|---|
| Тема 1.3 | Начела и организација, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци) | 258 |
| Тема 1.4 | Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 295 |
| Тема 1.5 | Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење) | 116 |
| Тема 1.6 | Компјутерска обработка на текст | 225 |
| Тема 1.7 | Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 270 |
| Тема 1.8 | Етика | 170 |
| Тема 1.9 | Управување со време | 137 |
| Тема 1.10 | Комуникација | 165 |
| Тема 1.11 | Управување со стрес | 185 |
| Тема 1.12 | Изработување на управни акти | 151 |
| Тема 1.13 | Спречување корупција | 328 |
| Тема 1.14 | Систем на интегритет во инспекциските служби | 75 |
| | **Вкупно** | 2.918 |

Најголем интерес предизвикала Тема 1.13 со генерирани 328 сертификати за реализирани генерички обуки, додека за Тема 1.5 системот има изгенерирано 116 сертификати.

Во согласност со член 49, став (3) од ЗИН, Советот на 23.6.2022 година ја донесе Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година[4] со арх.број 02-754/1, која вклучува четиринаесет теми. Годишната програма за генерички обуки за инспекторите за 2023 година ќе опфати една нова тема: Систем на интегритет во инспекциските служби, која е изработена во рамки на Активноста – Техничка помош за инспекциските реформи, поддржан од Проектот на УСАИД за Граѓанско учество. Темата 1.14 не беше предвидена во Годишната програма за генерички обуки за 2022 година, но со оглед на фактот дека беше поставена на ЛМС платформата за електронско следење на обуки во септември 2022 година истата е следена од страна на дел од инспекторите при што системот има изгенерирано 75 сертификати за оваа обука.

### III.2.5 Спроведување на Програма за интерактивна обука на кандидати за инспектори и организирање на испит за општ дел

Со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) воспоставен е целосно нов систем за стекнување со лиценца за инспектор во инспекциските служби во Република Северна Македонија. Дел од овој нов систем е тримесечна обука на кандидатите за инспектори, според Програмата за интерактивната обука за стекнување со лиценца за инспектор, усвоена од Советот во 2019 година.

Програмата опфаќа осум модули, со вкупно 23 теми, и тоа:

- Модул 1 – Закон за инспекциски надзор
- Модул 2 – Закон за општа управна постапка
- Модул 3 – Закон за прекршоци
- Модул 4 – Закон за постапување по предлози и претставки
- Модул 5 – Уредба за канцелариско и архивско работење
- Модул 6 – Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор
- Модул 7 – Компјутерски вештини
- Модул 8 – Зајакнување на личните капацитети

Во текот на 2022 година реализирани се вкупно две интерактивни обуки за кандидати за инспектори и тоа:

Во периодот март-мај 2022 година, интерактивната обука ја посетиле вкупно 25 инспектори, а во периодот септември-декември 2022 година обуката ја посетиле вкупно 41 инспектори. Вкупната бројка на на обучени инспектори од страна на Инспекциски совет (на државно и локално ниво) изнесува 66 во текот на 2022 година.

[4] https://is.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/Godisna_Programa_2023.pdf

Табела 6. Преглед на вкупно обучени државни инспектори во 2022 година

| РБр | Вид на обучени државни инспектори | Број на обучени лица |
|---|---|---|
| 1 | Државен инспектор за труд | 12 |
| 2 | Државен пазарен инспектор | 2 |
| 3 | Државен инспектор за храна | 3 |
| 4 | Државен инспектор за патен сообраќај | 1 |
| 5 | Државен фитосанитарен инспектор | 1 |
| 6 | Инспектор за употреба на јазици | 2 |
| 7 | Фармацевтски инспектор | 1 |
| 8 | Државен комунален инспектор | 2 |
| 9 | Инспектор за хемикалии | 1 |
| 10 | Државен санитарен и здравствен инспектор | 4 |
| 11 | Инспектор за заштита на културно наследство | 1 |
| 12 | Инспектор за радијациона сигурност | 1 |
| ВКУПНО | | 31 |

Табела 7 Преглед на вкупно обучени општински инспектори во 2022 година

| РБр | Вид на обучени општински инспектори | Број на обучени лица |
|---|---|---|
| 1 | Општински комунален инспектор | 11 |
| 2 | Општински градежен инспектор | 6 |
| 3 | Општински инспектор за животна средина | 7 |
| 4 | Општински инспектор за патен сообраќај | 1 |
| 5 | Општински инспектор за домување | 4 |
| 6 | Општински инспектор за туристичка и угостителска дејност | 4 |
| 7 | Општински инспектор за патишта | 1 |
| 8 | Општински просветен инспектор | 1 |
| ВКУПНО | | 35 |

Согласно Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ“ бр.238/19 и 167/21), Инспекцискиот совет по идентификувана потреба ја ажурира базата на испитни прашања. На 276-та седница, одржана на 13.10.2022 година, Инспекцискиот совет ја усвои Информацијата за ажурирање на База на прашања за испитот за стекнување со лиценца за инспектор – општ дел, при што интервенираше во Модулот 3 – Закон за прекршоците, односно измени шест (6) испитни прашања.

Следствено на наведеното, стручно административната служба на Инспекцискиот совет изврши измена на прашањата во електронската база на прашања поставена на ЛМС системот и ја објави ажурираната База на прашања за испитот за стекнување со лиценца за инспектор – општ дел, на својата веб страница.

### III.2.6 Надргадба на базата на инспектори обучувачи

Во согласност со Стратегијата за стручно усовршување и обуки на инспекторите во инспекциските служби 2020-2024 година, Инспекцискиот совет веќе три години гради и одржува база на обучувачи – инспектори, кои се сертифицирани за спроведување на интерактивните обуки за кандидатите за инспектори, која брои 26 сертифицирани инспектори обучувачи. Имајќи го предвид фактот дека дел од нив се заминати или ќе заминат во пензија, дел не се веќе на тие работни места и дел воопшто не се активни, односно не се вклучуваат на обуки и консултации, Советот располагаше со 12 инспектори обучувачи кои активно се вклучуваат во процесот на обуките за кандидати за инспектори. Со цел континуитет во спроведувањето на интерактивните обуки, Советот утврди потреба од надградба на базата на инспектори обучувачи.

За таа цел, Инспекцискиот освет објави на својата веб страна Повик за обука за инспектори – обучувачи, на кој се пријавија 24 кандидати за обучувачи. Работната група за селекција на кандидати за инспектори - обучувачи, формирана од претседателот на Советот, во првата половина на месец декември 2022 година изврши слекција на пријавените каднидати, водејќи се од критериумите објавени во Повикот за обука за инспектори – обучувачи и избра 14 кандидати од инспекторите за обучувачи, од пријавените 24 кандидати, кои се планира да спроведуваат обуки за модулите од 1 до 6, превидени во Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца. Дополнително, за модулите 7 и 8, планирано е да се обучат четворица вработени од стручно-административната служба на Инспекцискиот совет.

Во текот на месец декември 2022 година, во просториите на Инспекцискиот совет се одржаа Обуки за обучувачи-инспектори. Обуките за обучувачи-инспектори ги одржа надворешен експерт-косултант ангажиран од Советот. Кандидатите за инспектори-обучувачи се стекнаа со вештини и познавања за принципи на учење кај возрасните, планирање на обука, подготовка за обука, изработка на презентација за обука, вештини и техники на управување со вниманието на учесниците, затварање/завршување на обука и менторска поддршка. По успешно завршување на Обуки за обучувачи, на четиринаесетте кандидати за инспектори-обучувачи и четворицата вработените од стручно-административната служба на Инспекцискиот совет им беа доделени Потврди за успешно завршена обука за обучувачи на свечена седница на Инспекцискиот совет, која се одржа на 09.02.2023 година.

Дополнително, во декември 2022 година, во просториите на Инспекцискиот совет се одржа Работилница за постојните обучувачи-инспектори, на која присуствуваа осум обучувачи-инспектори, со цел размена на стекнатите искуства од одржаните шест интерактивни обуки, освежување на знаењето и вештините за обучувачи и споделување на информации. Работилница за обучувачи-инспектори ја одржа надворешен експерт-косултант.

### III.2.7 Издавање на лиценца за инспектор

Инспекцискиот совет, во согласност со член 18, став (1), точка 12 и член 44, став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/2019) издава и одзема лиценци за инспектор. Во текот на 2022 година, после успешно спроведените интерактивни обуки, практичната работа и положениот практичен испит за инспектор, Инспекцискиот совет издаде вкупно 97 лиценци за инспектор, од кои 58 лиценци на државни и 39 лиценци на општински инспектори.(Табела 10) и (Табела 11).

Табела 8. Преглед на издадени лиценци за државни инспектори во 2022 година, по вид на инспектор

| Бр. | Назив на вид на инспектор | Број на лиценци |
|---|---|---|
| 1 | Државен инспектор за труд | 22 |
| 2 | Инспектор за употреба на јазиците | 3 |
| 3 | Државен градежен инспектор | 2 |
| 4 | Државен инспектор за патен сообраќај | 4 |
| 5 | Државен инспектор за земјоделство | 3 |
| 6 | Државен инспектор за храна | 9 |
| 7 | Официјален ветеринар | 2 |
| 8 | Инспектор за управување со кризи | 1 |
| 9 | Државен фитосанитарен инспектор | 1 |
| 10 | Државен комунален инспектор | 2 |
| 11 | Државен инспектор за ловство | 1 |
| 12 | Државен управен инспектор | 5 |
| 13 | Државен инспектор за социјална заштита | 1 |
| 14 | Државен инспектор за животна средина | 1 |
| 15 | Државен санитарен и здравствен инспектор | 1 |
| | ВКУПНО | **58** |

Табела 9. Преглед на издадени лиценци за општински инспектори во 2022 година, по вид на инспектор

| | Вид на општински инспектор | Број на лиценци |
|---|---|---|
| 1 | Општински градежен инспектор | 7 |
| 2 | Општински комунален инспектор | 13 |
| 3 | Општински инспектор за патен сообраќај | 4 |
| 4 | Општински инспектор за домување | 1 |
| 5 | Општински инспектор за животна средина | 11 |
| 6 | Општински инспектор за спорт | 1 |
| 7 | Општински инспектор за туристичка и угостителска дејност | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Општински просветен инспектор | 1 |
| | Вкупно | 39 |

### III.2.8 Реиздавање на лиценца за инспектор

Инспекцискиот совет во текот на 2022 година, започна со процесот на реиздавање на лиценците кои беа издадени во 2016 година, постапувајќи согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) кога за прв пат започна со постапката за стекнување со лиценца за инспектор.

Лиценците беа издавани со важност од 6 години.

Согласно член 103 став 1 и став 2 од Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр. 102/2019) лиценците за инспектор издадени пред денот на започнувањето на примената на овој закон важат до истекот на рокот за кој се издадени. Три месеци пред истекот на важноста на лиценцата, Советот, на барање на носителот на лиценцата, ќе издаде нова лиценца за инспектор со трајна важност.

Бидејќи законот предвидува дека на барање на носителот на лиценцата, Советот ќе издаде трајна лиценца, лицата кои имаат остварено право за добивање лиценца по Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18) во законски предвидениот рок доставија барања за издавање на трајни лиценци, со прилог копија од лиценцата која истекува.

Инспекцискиот совет во 2022 година има реиздадено вкупно 792 лиценци за инспектори со трајна важност.

Табела 10. Преглед на издадени лиценци со трајна важност за државни инспектори во 2022 година, по вид на инспектор.

| Бр. | Назив на вид на инспектор | Број на лиценци |
|---|---|---|
| 1 | Државен инспектор за труд | 78 |
| 2 | Државен пазарен инспектор | 135 |
| 3 | Државен девизен инспектор | 1 |
| 4 | Државен геолошки инспектор | 2 |
| 5 | Државен рударски | 2 |
| 6 | Државен инспектор за електрика во рударството | 2 |
| 7 | Државен инспектор за опрема под притисок | 2 |
| 8 | Инспектор за жичари, лифтови, дигалки и транспортери | 3 |
| 9 | Инспектор за заштита и спасување | 17 |
| 10 | Државен инспектор за животна средина | 28 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Државен инспектор за заштита на природата | 3 |
| 12 | Државен водостопански инспектор | 1 |
| 13 | Инспектор за радијациона сигурност | 2 |
| 14 | Државен санитарен и здравствен инспектор | 32 |
| 15 | Фармацевски инспектор | 6 |
| 16 | Инспектор за хемикалии | 2 |
| 17 | Инспектор за управување со кризи | 1 |
| 18 | Државен градежен инспектор | 5 |
| 19 | Државен урбанистички инспектор | 1 |
| 20 | Државен комунален инспектор | 3 |
| 21 | Државен инспектор за патен сообраќај | 15 |
| 22 | Државен инспектор за жичари и ски лифтови | 1 |
| 23 | Државен инспектор за патишта | 6 |
| 24 | Инспектор за безбедност во внатрешна пловидба | 2 |
| 25 | Инспектор за сигурност во железничката инфраструктура | 1 |
| 26 | Инспектор за сигурност на превоз на патници и стока во железницата | 1 |
| 27 | Официјален ветеринар | 115 |
| 28 | Инспектор за храна | 70 |
| 29 | Државен земјоделски инспектор | 54 |
| 30 | Државен фитосанитарен инспектор | 42 |
| 31 | Државен инспектор за шумарство | 19 |
| 32 | Државен инспектор за ловство | 19 |
| 33 | Инспектор за култура | 4 |
| 34 | Државен просветен инспектор | 62 |
| 35 | Инспектор за заштита на културно наследство | 3 |
| 36 | Инспектор за спорт | 2 |
| 37 | Инспектор за архивски материјал | 5 |
| 38 | Државен инспектор за локална самоуправа | 2 |
| 39 | Државен управен инспектор | 26 |
| 40 | Инспектор за социјална заштита | 16 |
| 41 | Инспектор за детска заштита | 2 |
| | ВКУПНО | 792 |

### III.2.9 Одземање на лиценца на инспектор

Согласно член 18 став (1), алинеја 12 и член 45 став (1) од ЗИН, Инспекцискиот совет е должен да донесе решение со кое на инспектор ќе му ја одземе лиценцата за инспектор, поради пензионирање. Во таа смисла, во 2022 година, врз основа на известувања од инспекциските служби, Инспекцискиот совет донесе Решенија за одземање на лиценци на вкупно 68 инспектори, по сила на закон, заради исполнување на условите за стекнување право на старосна пензија, а дополнително се одземена е уште една лиценца за инспектор, по сила на закон, заради сторено кирвично дело.

Табела 11 Преглед на одземени лиценци за државни инспектори во 2022 година, по број

| Бр. | Назив на инспекциски служба | Број на лиценци |
|---|---|---|
| 1 | Државен пазарен инспекторат | 17 |
| 2 | Државен инспекторат за труд | 21 |
| 3 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | 4 |
| 4 | Државен инспекторат за животна средина | 1 |
| 5 | Центар за управување со кризи | 1 |
| 6 | Државен инспекторат за транспорт | 1 |
| 7 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | 2 |
| 8 | Државен комунален инспекторат | 2 |
| 9 | Министерство за транспорт и врски-Капетанија на пристаништата Охрид | 1 |
| 10 | Државен инспекторат за земјоделство | 4 |
| 11 | Државен инспекторат за шумарство и ловство | 1 |
| 12 | Агенција за храна и ветеринарство | 2 |
| 13 | Државен просветен инспекторат | 4 |
| 14 | Државен управен инспекторат | 4 |
| 15 | Државен архив на РСМ | 2 |
| 16 | Министерство за труд и социјална политика | 2 |
| | ВКУПНО | 69 |

### III.2.10 Постапување по претставки на физички и правни лица

Во текот на  2022 година, Советот разгледал вкупно 481 допис со содржина на претставки, поплаки, жалби и друго (во натамошниот текст: претставки), од кои 124 претставки се однесуваат на работата на инспекторите и тоа:

- 37 претставки против инспектори од Државниот просветен инспекторат;
- 30 претставки против инспектори од Државниот инспекторат за труд;
- 18 претставки против инспектори од Државниот управен инспекторат;
- 5 претставки против инспектори од Државниот пазарен  инспекторат;

- 5 претставки против инспектори од Агенцијата за храна и ветеринарство;
- 3 претставки против инспектори од Државниот инспекторат за животна средина;
- 9 претставки против инспектори од Агенцијата за млади и спорт;
- 2 претставки против инспектори од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам;
- 3 претставки против инспектори од Државниот инспекторат за локална самоуправа;
- 5 претставки против инспектори од Државниот инспекторат за техничка инспекција;
- 3 претставки против инспектори од Министерството за труд и социјална политика и
- 4 претставки во оснатати три инспекциски служби

Од вкупно поднесените претставки, Инспекцискиот совет издал 25 налози за вршење на поединечен или заеднички инспекциски надзор, додека останатите се препратени до надлежна инспекциска служба, и тоа:

- 241 претставки се препратени во надлежност на инспекциските служби.

Во однос на постапувањето по поднесените претставки, 58 се препратени до Државниот пазарен инспекторат, 37 до Државниот инспекторат за труд, 28 до Државниот управен инспекторат, 29 до Државниот просветен инспекторат, 9 на Агенцијата за храна и ветеринарство, 9 на Државниот инспекторат за техничка инспекција, 8 на Државниот инспекторат за транспорт, 7 на Државниот инспекторат за животна средина и просторно планирање, 5 на Државен санитарен и здраствен инспекторат, 3 на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, 3 на Министерство за труд и социјална политика- Сектор за инспекциски надзор, и по 1 до Државниот инспекторат за шумарство и ловство, во Министерството за култура – Сектор за инспекциски надзор и Дирекција за заштита и спасување. Во надлежност на општините, се препратени 38 преставки, додека пак останатите претставки се препратени на другите органи на државната управа на нивно понатамошно постапување.

Како напомена, останатите поднесоци, архивирани под називот „претставки" во 2022 година, се разни известувања, жалби, приговори и сл. за кои согласно Законот за инспекциски надзор, Советот нема надлежност да постапува, како и одговори од страна на Советот до подносителите, барања за дополнителни податоци, повлечени предмети од страна на подносителите и затворени предмети со службена белешка, кои поради нивната суштина нема можност да се прикажат во табелата бр.12.

Компаративно, вкупниот број на пристигнати претставки во 2022 година (481) во однос на 2021 година (384) бележи пораст од 20 %. Овие бројки се показател на значително зголемување на довербата која граѓаните ја имаат во Инспекцискиот совет, во насока на решавање на нивните проблеми во врска со инспекциските служби. Ова зголемување на претставките кои се во директна надлежност на Инспекцискиот совет и се предмет на неговите основни надлежности даваат слика за зголемената доверба во Советот, како и дека граѓаните ја препознаваат улогата на Советот во инспекцискиот систем во Република Северна Македонија.

Табела 12. Преглед на претставки во 2022 година

| | | Претставка за работа на инспектор | | | Издаден налог за вонреден инспекциски надзор | | | Препратено во надлежност на | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | инспекциска служба | | | општина | Други органи |
| | | Отв. | Зат. | Вк. | Отв. | Зат. | Вк. | Отв. | Зат. | Вк. | | |
| Област 1 | | 6 | 34 | 40 | 1 | 15 | 16 | 1 | 103 | 104 | 2 | 2 |
| 1 | ДПИ | 1 | 4 | 5 | 0 | 4 | 4 | 1 | 57 | 58 | | |
| 2 | ДТИ | 5 | 25 | 30 | 1 | 10 | 11 | 0 | 37 | 37 | | |
| 3 | ДИТИ | 0 | 5 | 5 | 0 | 1 | 1 | | 9 | 9 | | |
| 4 | ДДИ | | | | | | | | | | | |
| Област 2 | | 0 | 4 | 4 | 0 | 7 | 7 | 0 | 14 | 14 | 8 | 1 |
| 5 | ДИЖС | | 3 | 3 | | 4 | 4 | | 8 | 8 | | |
| 6 | ДСЗИ | | 1 | 1 | | 3 | 3 | | 5 | 5 | | |
| 7 | МАЛМЕД | | | | | | | | | | | |
| 8 | МЗ-Х | | | | | | | | | | | |
| 9 | ДРС | | | | | | | | | | | |
| 10 | ДЗС | | | | | | | | 1 | 1 | | |
| 11 | ЦУК | | | | | | | | | | | |
| Област 3 | | 1 | 2 | 3 | 0 | 4 | 4 | 0 | 11 | 11 | 24 | 1 |
| 12 | ДКИ | | | | | | | | | | | |
| 13 | ДИГУ | 1 | 1 | 2 | | 2 | 2 | | 3 | 3 | | |
| 14 | ДИТ | | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 8 | 8 | | |
| 15 | УСЖС | | | | | | | | | | | |
| 16 | МТВ | | | | | 1 | 1 | | | | | |
| Област 4 | | 0 | 7 | 7 | 0 | 2 | 2 | 0 | 10 | 10 | 1 | 0 |
| 17 | ДИЗ | | 1 | 1 | | | | | | | | |
| 18 | АХВ | | 5 | 5 | | 2 | 2 | | 9 | 9 | | |
| 19 | ДИШЛ | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | |
| Област 5 | | 4 | 33 | 37 | 0 | 4 | 4 | 0 | 29 | 29 | 2 | 0 |
| 20 | ДИП | 4 | 33 | 37 | | 4 | 4 | | 28 | 28 | | |
| 21 | УЗКН | | | | | | | | | | | |
| 22 | МК | | | | | | | | 1 | 1 | | |
| Област 6 | | 5 | 28 | 33 | 0 | 12 | 12 | 0 | 31 | 31 | 1 | 0 |
| 23 | ДУИ | | 18 | 18 | | 11 | 11 | | 28 | 28 | | |
| 24 | ДИЛС | | 3 | 3 | | | | | | | | |
| 25 | ДАРМ | | | | | | | | | | | |
| 26 | ИУЈ | | | | | | | | | | | |
| 27 | МТСП | | 3 | 3 | | 1 | 1 | | 3 | 3 | | |
| 28 | АМС | 5 | 4 | 9 | | | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО | | 16 | 108 | 124 | 1 | 44 | 45 | 1 | 198 | 199 | 38 | 4 |

Легенда: Отв. – Отворени; Зат. – Затворени; Вк. – Вкупно

### III.2.11 Иницијативи за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на инспектор

Со стапување на сила на новиот ЗИН, Советот нема надлежност да спроведува дисциплински постапки против инспектор, но, согласно член 18, став (21) од ЗИН, Советот може да поднесе иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор, до

директорот или раководителот на инспекциската служба, во која е вработен инспекторот, кој пак спроведува дисциплинска постапка согласно одредбите од Законот за административните службеници.

Врз основа на доставени претставки, за кои Советот утврдил дека се основани, поднесени се 15 иницијативи за утврдување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап и тоа:

- пет иницијативи до директорот на Државниот просветен инспекторат
- три иницијатива до директорот на Државниот инспекторат за труд
- три иницијатива до директорот на Агенцијата за млади и спорт
- една иницијатива до директорот на Државниот управен инспекторат
- една иницијатива до директорот на Државниот инспекторат за земјоделство
- една иницијатива до директорот на Државниот инспекторатат за локална самоуправа и
- една иницијатива до директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство

Врз основа на повратните информации од инспекциските служби, поведени се 8 дисциплински постапки, за 5 иницијативи не се поведени дисциплински постапки, т.е. истите се отфрлени, и за 2 иницијатива е пристигнат одговор дека се застарени согласно Законот за административни службеници.

Имено, иако идејата на новиот ЗИН е дисциплинските постапки, како прашање кое е дел од комплексот на прашања поврзани со управувањето со човечките ресурси, е тие да се водат во инспекциската служба во која е вработен инспекторот, се чини дека одредбата од Законот за административните службеници, со која за тоа прашање одлучува раководното лице на институцијата, создава потешкотии и ја доведува во сомнеж непристрасноста на инспекциските служби.

Ова е особено важно, бидејќи Советот, пред да поднесе иницијатива за отпочнување на дисциплинска постапка против инспектор, вложува сериозни напори и ресурси, прибира и анализира обемни материјали кои произлегуваат од постапувањето и врз основа на тоа се донесува одлука на седница. Оттука, Советот смета дека ваквата иницијатива поднесена до раководното лице на инспекциската служба, треба да има задолжителност за спроведување на дисциплинската постапка против инспекторот.

Во контекст на член 78 од Законот за административни службеници, пак, кој ја дефинира апсолутната застареност на делата и постапките, Советот смета утврдениот законски рок е прекраток и поради спецификите во работењето на инспекторите, треба да изнесува најмалку една година, како што на пример е регулирано за постапка иницирана со извештај од внатрешна ревизија. Имено, рокот од три месеци е многу краток за Советот да може да обезбеди целосни и валидни податоци за конкретни случаи, со оглед дека почетните

информации најчесто се резултат на известувањата односно претставките кои се поднесени до Советот, кои пак, најчесто не се доволни за да се покрене веднаш иницијатива.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Советот уште во текот на 2020 година достави официјално барање до Министерството за информатичко општество и администрација, како предлагач и надлежен орган кој врши надзор на примената на Законот за административните службеници, во првата можност кога ќе се интервенира во овој закон, да се разгледаат овие прашања и да се направат соодветни измени, меѓутоа, вакви измени сеуште не се донесени.

### III.2.12 Одржување на Регистри на Советот

Инспекцискиот совет, согласно член 18, точка 18 од ЗИН, има воспоставено и тековно одржува регистри за:

1. Регистар на закони и подзаконски според области на инспекциски надзор;
2. Регистар на инспекциски служби, вклучувајќи раководно лице;
3. Регистар на видови на инспектори;
4. Регистар на инспектори;
5. Регистар на лиценци за инспектор;
6. Регистар на извршени инспекциски надзори и
7. Регистар на претставки и предлози.

### III.2.13 Воспоставување на софтверско решение за е – инспекции

Во текот на 2022 година, во Инспекцискиот совет беа спроведени повеќе активности коишто се однесуваат на развојот и одржувањето на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење – „Е-инспектор“.

Имено, постапувајќи во согласност со задолжението од точка 10, заклучок бр. 4, од 92-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, Инспекцискиот совет подготви и достави до ВРСМ два Извештаи за спроведувањето на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, за период од 27 јануари 2022 – 27 јули 2022 година и 27 јули 2022 година – 27 јануари 2023. Податоците во Извештаите се однесуваат на реализација на Активностите од 1 до 6.

**Активност бр. 1** Предавање на управувањето со системот за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење Е-инспектор

Врз основа на Одлука за престанок и давање на користење на движна ствар на Инспекциски совет, донесена од Владата на Република Северна Македонија, под број 41-3864/1 од 03.05.2022 година, склучен е Договор за трајно користење на движна ствар без надомест со број 03-751/3 од 23.06.2022 година меѓу Министерството за информатичко општество и администација и Инспекциски совет за уредување на правата и обврските за начинот на

користење, чување и одржување на софтверска програма за автоматизација на иснпекциската постапка и инспекциското работење и потпишан е Записник за извршено примопредавање на движна ствар со број 03-751/4 од 08.07.2022 година.

**Активност бр. 2** Осовременување на хардверската подготовка во трите пилот инспекциски служби (ДУИ, ДПИ, ДИТ)

Во текот на 2022 година комплетно се доопремени трите пилот инспекциски служби со потребната хардверска опрема за функционирање на системот Е-инспектор, односно доделени им се решенија за печатење во возило. Врз основа на успешно спроведена постапка за јавна набавка За Дел 1 – Решение за печатење во возило, Инспекцискиот совет склучил Договор за јавна набавка на информатичка опрема со АРЦ ЛТД ДОО Скопје (арх.број 03-1033/1 од 06.12.2021 година), односно за набавка на 120 решенија за печатење во возило, со вкупна вредност од 2.678.600,00 денари со вклучен ДДВ. Од овој број, 73 решенија се за потребите на Државен пазарен инспекторат, а 47 за потребите на Државен инспекторат за труд. Овој Договор е целосно реализиран на 03.03.2022 година.

**Активност бр.3**: Развој на процесот инспекциски надзор (втора фаза, вклучување на 13 приоритетни инспекциски служби (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ)

Во рамките на оваа активност се реализираа следните активности:

- Подготвена е техничка спецификација за развивање на Информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор со нови 13 модули за 13 инспекторати од страна на избран ИТ консултант од страна на ЕБОР. Техничката спецификација се изработи во периодот од мај до јули 2022 година, на која и претстоеше одржување на состаноци со сите 13 инспекциски служби, при што покрај воспоставената процедура согласно Законот за инспекциски надзор, во предвид беа земени и спецификите на секоја од инспекциските служби, согласно нивните материјални закони.
- Во септември 2022 година се изврши избор на ИТ компанијата за изработка на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е – инспектор, за 13-те инспекциски служби. Постапката за избор ја спроведуваше Комисија избрана од ЕБОР, во која и Инспекцискиот совет учествуваше со свој член. На повикот кој беше објавен од страна на ЕБОР беше избрана ИТ компанијата ИТгма, која исто така го изработуваше/спроведуваше и Пилот проектот за изработка на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е – Инспектор, односно беа изработени 3 модули за три пилот инспекторати (Државен пазарен инспекторат, Државен управен инспекторат, Државен трудов инспекторат);
- Се одржаа дводневни работилници со секоја од трите пилот инспекциски служби со цел изготвување на ГАП анализа за подобрување на функционалностите на системот, согласно детектираните забелешки од страна на трите пилот инспекторати (ДУИ, ДПИ и ДИТ). Врз основа на идентификуваните нефункционалности и недостатоци на системот изработен во пилот фазата, од страна на ИТ компанијата се пристапи кон

подготовка на ГАП Анализата за идентификуваните недостатоците на воспоставениот систем;

- Во октомври 2022 година се потпишаа Договорите за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина (интероперабилност) меѓу Инспекцискиот совет и 13те инспекциски служби;
- Во декември се организираше и се одржа Настан за промоција на Е-Инспектор, во организација на ИТгма, ЕБОР и Инспекциски совет. На настанот учествуваа сите инспекторати, Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, директорите на Царинската управа, Централниот регистар, Агенцијата за вработување, Службен весник на РСМ, членовите на Инспекцискиот совет, како и претставници на ЕБОР;
- Во втората половина на декември почна процесот на развој на 3 модули за Инспекторатот за примена на јазиците, Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство. За оваа цел се одржаа тридневни работилници со секоја од трите инспекциски служби. На работилниците, најпрво се презентираше воспоставениот систем, а потоа се разгледуваа сите специфики на наведените инспекциски служби, како и варијантите и можностите за прилагодување на системот кон нивните надлежности и потреби кои произлегуваат од материјалните закони по кои постапуваат.
-

**Активност бр.4**: Осовременување на хардверската подготовка во 13 приоритетни инспекциски служби (ДИЗ, ДИП, ДСЗИ, ДИШЛ, АХВ, ДИТранс, ДИЖС, ДИТИ, ДИГУ, ДКИ, ИУЈ, ДИЛС, ДДИ)

Владата на Република Северна Македонија, донесе Одлуки за сите 13 инспекциски служби, да се искористат дел од расположливите преносни компјутери употребени за Пописот на населението и домаќинствата 2021. Врз основа на тие Одлуки, помеѓу Државниот завод за статистика и 13-те инспекциски служби, склучени се Договори за давање на трајно користење на движни ствари, со кои 118 преносни компјутери се доделени на трајно користење на Државниот инспекторат за земјоделство, 7 преносни компјутери на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, 66 преносни компјутери на Државниот просветен инспекторат, 46 преносни компјутери на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, 26 преносни компјутери на Државниот инспекторат за транспорт, 4 преносни компјутери на Државниот комунален инспекторат, 22 преносни компјутери на Државниот инспекторат за животна средина, 19 преносни компјутери на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, 4 преносни компјутери на Државниот инспекторат за локална самоуправа, 18 преносни компјутери на Државниот инспекторат за техничка инспекција, 2 преносни компјутери на Државниот девизен инспекторат, 4 преносни компјутери на Инспекторатот за употреба на јазиците и 184 преносни компјутери на Агенцијата за храна и ветеринарство.

За останатата опрема, согласно изјавените потреби на 13 инспекциски служби, Инспекцискиот совет, на 31.08.2022 година објави оглас за јавна набавка, број 14482/2022, со предмет на договорот на набавка - Набавка на печатари за системот Е-инспектор (Решение за печатење во возило, без инсталација).

Врз основа на успешно спроведената поедноставена отворена постапка за јавна набавка, Инспекцискиот совет склучи Договор за јавна набавка на печатари за системот Е-инспектор, без инсталација со АРЦ ЛТД ДОО Акопје (арх.број 05-1105/8 од 19.10.2022 година), односно за набавка на 245 печатари за 12 инспекциски служби со вкупна вредност од 3.192.589,12 денари, со вклучен ДДВ. Од овој број, 15 печатари се доделени на Државен инспекторат за земјоделство, 2 печатари на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, 4 печатари на Државен просветен инспекторат, 32 печатари на Државен санитарен и здравствен инспекторат, 26 печатари на Државен инспекторат за транспорт, 2 печатари на Државен комунален инспекторат, 17 печатари на Државен инспекторат за животна средина, 13 печатари на Државен инспекторат за шумарство и ловство, 2 печатари на Државен инспекторат за локална самоуправа, 6 печатари на Државен инспекторат за техничка инспекција, 1 печатари на Државен девизен инспекторат, и 125 печатари на Агенција за храна и ветерининарство.  Овој Договор е целосно реализиран на 20.12.2022 година.

**Активност бр.5** Изработка на анализа на соодносот трошоци/добивка (cost benefit analysis) за начинот на хостирање на е-инспектор

Оваа активност е реализирана во целост во рамки на проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), односно изработена е Гап Анализа за хостирање на Е–инспектор, како и Изработена е техничка спецификација за хостирање на Е–инспектор.

**Активностт бр.6**: Миграција, хостирање и одржување (хардвер/софтвер) на системот Е-инспектор

Инспекцискиот совет, на 31.08.2022 година објави оглас за јавна набавка, број 14502/2022, со предмет на договорот на набавка - Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор.

По спроведувањето на поедноставената отворена постапка за јавна набавка, на 13.10.2022 година, Инспекцискиот совет склучи Договор за Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор со Друштвото за информтички инженериг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје, со вкупна вредност од 342.200,00 ден. со вклучен ДДВ, кој е со важност од 12 месеци.

Одржувањето на системот Е-инспектор е во рамки на проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), од страна на ИТ компанијата ИТгма, која ги развива 13 модули за приклучување на 13-те инспекторати на информацискиот систем за инспекциски надзор Е – инспектор.

### III.3 Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност и меѓународна соработка

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности за унапредување на севкупниот инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации. Во таа насока во текот на 2022 година, остварени се следните резултати:

#### III.3.1 Соработка со ЕБОР

Соработката на Инспекцискиот совет со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) продолжува и во 2022 година. Имено, во февруари 2022 година започна со реализација проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Република Северна Македонија, поддржан од ЕБОР, чија основна цел е целосна автоматизација и електронизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 нови модули за 13 инспекциски служби. Се очекува проектот да заврши во февруари 2024 година со што Е-инспектор би бил целосно оперативен, односно инспекциската постапка и надзорот инспекторите ќе ги спроведуваат преку системот.

Главни активности во рамки на проектот во 2022 година, беа:

- **Задача 1**
  **Подготовка на техничка спецификација за развивање на Информатичкиот систем за инспекциски надзор, Е- Инспектор со нови 13 модули за 13 инспекциски служби**

Во рамките на оваа проектна задача се реализираа следните активности:

- Подготовката на техничката спецификација се изврши од страна на избран ИТ консултант од страна на ЕБОР. Техничката спецификација се изработи во периодот од мај до јули 2022 година, на која и претстоеше одржување на состаноци со сите 13 инспекциски служби, при што покрај воспоставената процедура согласно Законот за инспекциски надзор, во предвид беа земени и спецификите на секоја од инспекциските служби, согласно нивните материјални закони.

  Во септември 2022 година се изврши избор на ИТ компанијата за изработка на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е – инспектор, за 13-те инспекциски

служби. Постапката за избор ја спроведуваше Комисија избрана од ЕБОР, во која и Инспекцискиот совет учествуваше со свој член. На повикот кој беше објавен од страна на ЕБОР беше избрана ИТ компанијата ИТгма, која исто така го изработуваше/спроведуваше и Пилот проектот за изработка на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е – Инспектор, односно беа изработени 3 модули за три пилот инспекторати (ДУИ, ДПИ и ДИТ);

❖ Задача 2
**Изработка на анализа на соодносот трошоци/добивка (cost benefit analysis) за начинот на хостирање на е-инспектор**

Подготовката на Ааанализата се изврши од страна на избран ИТ консултант од страна на ЕБОР односно изработена е Гап Анализа за хостирање на Е–инспектор, како и Изработена е техничка спецификација за хостирање на Е–инспектор, врз основа на која ИС ја објави јавната набавка за Изнајмување на Облак (Cloud) платформа за хостирање на системот Е-инспектор.

❖ Задача 3
**Развој на модулите на Е-инспектор за 13-те инспекциски служби**

Во рамките на оваа проектна задача:

- Се одржаа дводневни работилници со секоја од трите пилот инспекциски служби (ДУИ, ДПИ, ДИТ) со цел изготвување на ГАП анализа за подобрување на функционалностите на системот, согласно детектираните забелешки од страна на инспекторатите. На работилниците се разгледуваа коментарите и препораките од трите инспекторати кои беа нивни согледувања од тестирањето на информацискиот систем. Врз основа на идентификуваните нефункционалности и недостатоци на системот изработен во пилот фазата, од страна на ИТ компанијата се пристапи кон подготовка на ГАП Анализата за идентификуваните недостатоците на воспоставениот систем. Подобрувањето на функционалностите на системот беше потребно да се изврши пред да почнат да се развиваат модулите за 13 нови инспекциски служби;
- Во втората половина на декември почна процесот на развој на 3 модули за Инспекторатот за примена на јазиците, Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство. За оваа цел се одржаа тридневни работилници со секоја од трите инспекциски служби. На работилниците, најпрво се презентираше воспоставениот систем, а потоа се разгледуваа сите специфики на наведените инспекциски служби, како и варијантите и можностите за прилагодување на системот кон нивните надлежности и потреби кои произлегуваат од материјалните закони по кои постапуваат.

- **Задача 4**
  **Организирање на Настан за промоција на Е-Инспектор**

На 12.12.2022 година, во организација на Европската банка за обнова и развој, избраната ИТ компанија ИТгма и Инспекцискиот совет, се одржа промотивен настан посветен на развојот на информацискиот систем за инспекциски надзор, Е-Инспектор.
Настанот беше медиумски покреиен и на него учествуваа: Заменик претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, г-ѓа Славица Грковска, раководителот за Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, г-дин Енди Аранитаси, Претседателката и членовите на Инспекцискиот совет сите директори на инспекциските служби, директорите на Царинската управа, Агенцијата за вработување, Централниот регистар и Службен весник на РСМ.

- **Задача 5**
  **Координација на имплементацијата на проектот во Инспекцискиот совет**

Оваа задача се реализира од страна на проектниот координатор, кој има канцеларија во рамки на Инспекцискиот совет. Неговата обврска согласно проектот е секојдневно следење и координирање на работата на сите заинтересирани страни во проектот, од аспект на реализација на проектните активности, организирање и присуство на состаноци, организирање на настани, посредување меѓу страните, прегледување на сите подготвени материјали, секојневна соработка со вработените во иснпекторатите и со вработените во Инспекцискиот совет во секојдневните нивни активности, а кои се поврзани со реализација на проектните активности, секојдневна непосредна комуникација со ИТ компанијата која работи на развивање на информатилкиот систем.

Дополнително, од досегашната соработка со ЕБОР, во рамки на проектот се изработија листи за проверка. Со цел да се испита задоволството и ефектот кој го имаат листите за проверка врз субјектите на надзор, од страна на проектниот координатор се подготви Анкетен прашалник, со 17 прашања. Прашалникот беше анонимен и доставен до субјектите на надзор преку 4те стопански комори (Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Северна Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија и МАСИТ). Прашалникот беше доставен до неодреден број на субјекти на надзор, а се добија повратни одговори од вкупно 108 субјекти на надзор (правни лица). Врз основа на одговорите од прашалникот се изработи Анализа за употребата и влијанието на Листите за проверка при спроведувањето на инспекцискиот надзор. Од Анализата произлегоа препораки за инспекциските служби, кои беа доставени до сите инспекциски служби од страна на ИС, со

цел да се земат во предвид. Дополнително, Советот достави допис со укажување до Државниот управен инспекторат при спроведување на инспекциски надзор, а во врска со примената на Законот на инспекциски надзор да обрне посебно внимание за соодветната примена на одредбите кои се однесуваат на обврската за доставување на Листите за проверка, и воедно ги објави Корисните информации за употребата, улогата и значењето на листите за проверка на својата веб страница.

### III.3.2 Соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо и УСАИД

Инспекцискиот совет во мај 2022 година започна соработка со Центарот за развојни политики - Идеас Депо, за реализација на Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, поддржана од Проектот на УСАИД за граѓанско учество. Со цел подобрување на ефикасноста и координацијата на испекциските служби кои се под ингеренција на Инспекцискиот совет, во рамките на проектот беа договорени следните активности:

- Анализа на потенцијални „жешки точки“ за појава на корупцијата во работењето на инспекциските служби
- Изработка на Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација на Систем на интегритет во инспекциските служби, Квиз за интегритет), како и подготовка на SCORM електронска обука на македонски и албански јазик, кои ќе бидат поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.
- Изработка на видеоспот за Е-инспектор и 5 инфографици (што е Е-инспектор, Кои се придобивките на Е-инспектор, Е-инспектор функционира преку, Улога и надлежности на Инспекцискиот совет и Поднеси претставка) на македонски и албански јазик.
- Подготовка на Стратешки насоки за организација и работа на инспекциските служби
- Подготовка на Извештај за предлог измените на Законот за инспекциски надзор.

Во рамките на Проектот, согласно планираните проектни активности и согласно утврдената временска рамка и динамика, беа целосно реализирани договорените активности, односно изработени се:

❖ **Анализа на потенцијални „жешки точки“ за појава на корупцијата во работењето на инспекциските служби**

За оваа активност се идентификуваа коруптивни точки кај три избрани инспекторати, односно Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот пазарен инспекторат и воедно се анализираше и Националната стратегија за борба против корупцијата.

- **Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација на Систем на интегритет во инспекциските служби, Квиз за интегритет), како и подготовка на SCORM електронска обука на македонски и албански јазик, и истите се поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.**

Во однос на горенаведените две активности на 2 и 3 јуни 2022 година во Охрид се одржа Форум - Анализа на коруптивните точки во инспекциската постапка и интегритет на инспекторите. На Форумот, активно учество земаа претседателот и членовите на Инспекцискиот совет, инспектори од инспекторатите (ДИЖС, ДПИ и ДСЗИ), претставници од Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење и претставници од Министерството за информатичко општество и администрација. Поканетите членови од Државната комисија против корупција, заради оправдани причини, не учествуваа на Форумот. По одржување на Форумот, согласно Програмата за генерички обуки на инспектори се изработи Наставна програма за интегритет на инспекторите и истата е вградена во Програмата за генерички обуки за 2023 година, која Советот ја донесе во јуни 2022 година. СКРОМ обуките на македонски и на албански јазик се поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет.

- **Стратешки насоки за организација и работа на инспекциските служби**

- **Извештај за предлог измените на Законот за инспекциски надзор**

За горенаведените две активности на 29 и 30 јуни во Охрид се одржа Форум - Стратешки насоки во инспекцискиот надзор и примена на Законот за инспекциски надзор, за чии потреби, Инспекцискиот совет прибави мислења за досегашната имплементација на Законот за инспекциски надзор од сите инспекциски служби, односно неговите добри и лоши страни, воочени проблеми и недостатоци при примената, корисноста на чек листите, влијанието на методологиите за проценка на ризик (нивната корисност при планирањето и подготовката на Годишниот и месечните планови), соработката меѓу инспекциските служби и субјектите на надзор, како и други воочени проблеми. На Форумот, активно учество земаа претседателот и членовите на Инспекцискиот совет, инспектори од инспекциските служби, претставници од Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, претставници од Министерството за информатичко општество и администрација и претставници на четири Стопански комори од Република Северна Македонија, односно Сојузот на стопанските комори на Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии и Стопанската комора на Северо-западна Македонија. На Форумот се елаборираа доставените мислења за досегашната примена на Законот за инспекциски надзор, од страна на претставниците на Инспекцискиот совет и инспекциските служби, стопанските комори ги

изнесоа сопствените согледувањата и ставови во однос применатa на Законот за инспекциски надзор и се разговараше за стратешките насоки за понатамошната реформа на инспекцискиот систем, заедно со ангажираниот експерт на проектот. Покрај останатото, на Форумот се дискутираше по однос на документот на Министерството за информатичко општество и администрација, подготвен во рамки на ИПА 2017 проектот „Поддршка на државната реорганизација", чија цел е оптимизирање на целокупната институционална рамка, преку реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт.

- **Видеоспот за Е-инспектор и 5 инфографици (што е Е-инспектор, Кои се придобивките на Е-инспектор, Е-инспектор функционира преку, Улога и надлежности на Инспекцискиот совет и Поднеси претставка) на македонски и албански јазик.**

Во однос на оваа активност, изработени се сите наведени материјали и истите се поставени на веб страната на Инспекцискиот совет.

### III.3.3 Соработка со Кабинетот на заменик претседателот на ВРСМ задолжен за политики за добро владеење

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на ЗПВРСМ, заради подобрување на координацијата, утврдување на механизми за олеснување на меѓуинституционалната комуникација, со цел зголемување на ефикасноста на антикорупцискиот систем во целина.

Имено, со оглед на тоа што дигитализацијата е една од приоритетите за кои што се залага Кабинетот, Инспекцискиот совет постојано добива поддршка во развивањето на платформата Е-инспектор. Советот редовно одржува состаноци со Кабинетот, на коишто се разговара и следи развивањето на системот Е-инспектор и се разгледуваат можностите за неговиот понатамошен развој.

Покрај тоа, во соработка со Кабинетот се следи и исполнувањето на активностите на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, со тоа што Советот редовно доставува извештаи за степенот на исполнетост на активностите, а додека во текот на месец декември Советот до Кабинетот достави и План со конкретни мерки и активности коишто Советот планира да ги преземе во 2023 година, а во врска со обврските предвидени во Националната Стратегијата за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025 година.

### III.3.4 Соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК)

Советот успешно и континуирано соработува со ДКСК на сите полиња од заеднички интерес.

Имено, како резултат на успешната соработка меѓу Советот и ДКСК во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година беше вклучена нова тема: Спречување на корупцијата, која Советот ја изработи во соработка со ДКСК. Оваа обука инспекциските служби можеа да ја вклучат во Годишниот план за индивидуално и стручно усовршување и обука на инспекторите, како една од најмалку трите генерички обуки коишто се вклучуваат од Годишната програма.

Советот на 31.03.2022 година склучи Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Целта на овој Меморандум е промовирање на соработка и размена на меѓусебни искуства, координација и водење заеднички договорени активности во согласност со законските надлежности на двете Страни, особено преку:

1. Соработка и постојан дијалог за размена на знаења и практични искуства во областа на превенцијата и репресијата на корупцијата и судирот на интереси, и јакнењето на личниот и институционалниот интегритет;

2. Организирање на работни средби за размена на позитивни практики и информации за зајакнато функционирање на Државната комисија и Советот, како и нивните стручни служби;

3. Размена на податоци и позитивна пракса при постапување по предмети од областите на законска надлежност на Државната комисија и Советот;

4. Подготвување, организација и спроведување на обуки за инспекторите вработени во инспекциските служби под јурисдикција на Советот;

5. Други активности, со кои на партнерска основа, може да се остваруваат целите на Меморандумот.

Клучни области на соработка со ДКСК во 2022 беа:

- **Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025**

Инспекцискиот совет и во 2022 година ја продолжи интензивната соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Советот како дел од Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025, е назначен за надлежна институција заедно со ресорните министерства кои имаат инспекциски служби, како вклучени институции, да ја спроведат активноста Анализа на законските надлежности на инспекциските служби, чија цел е јакнење на надзорните и контролните механизми, преку прецизирање и разграничување на надлежностите на одделни инспекциски служби. Со спроведување на оваа Анализа ќе се реши проблемот на нејасно и непрецизно утврдени надлежности и преклопување на надлежностите помеѓу инспекторатите. За таа цел, односно

прецизирање и разграничување на надлежностите на инспекциските служби, Инспекцискиот совет побара од сите инспекциски служби коишто се под надлежност на Советот, да достават конкретни предлози за измена на материјалните закони по кои постапуваат и во кои детектирале преклопувања на надлежности со други инспекциски служби. Инспекцискиот совет во првиот квартал на 2023 година ќе изготви Информација во која ќе ги сублимира преклопувањата на надлежности и ќе ја достави до ДКСК.

Во однос на активноста Измена на материјалните закони кои се однесуваат на инспекциските служби заради воспоставување на обврска за пријавување на имотна состојба и интереси, надлежна институција е Министерството за информатичко општество и администрација, а Инспекцискиот совет и ресорните министерства кои имаат инспекциски служби се вклучени институции и нејзината цел е да се пропише обврска инспекторите да пријавуваат имотна состојба и интереси до Инспекцискиот совет.

Во однос на активноста - Да се дополнат материјалните закони за инспекциските служби со пропишување на дисциплински мерки за неподнесување на изјави, надлежна институција е Министерството за информатичко општество и администрација, а Инспекцискиот совет и ресорните министерства кои имаат инспекциски служби се вклучени институции и нејзината цел е пропишување на дисциплинска одговорност за непријавување на имотна состојба и интереси од страна на инспекторите.

Во активноста Подготовка на анализа на ризиците од корупција во инспекциските служби кадешто надлежна институција е Министерството за информатичко општество и администрација, а Инспекцискиот совет и ресорните министерства кои имаат инспекциски служби се вклучени институции, Советот во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество - Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи се изработи анализа на коруптивни точки кај три избрани инспекторати (Државен инспекоторат за животна средина, Државен санитарен и здравствен инспекторат и Државен пазарен инспекторат). Во однос на оваа активност на 2 и 3 јуни 2022 година се одржа работилница на тема Анализа на коруптивните точки во инспекциската постапка и интегритет на инспекторите, на која присуствуваа претставници од Инспекцискиот совет, Центарот за развојни политики - Идеас Депо, Кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и ангажираниот експерт на проектот, професорката Ана Павловска Данева. Поканети беа и претставници од Државната комисија за спречување на корупција, меѓутоа заради оправдани причини истите не зедоа учество на работилницата. Врз основа на преземените активности се изработи документот Анализа на потенцијални „жешки точки" за појава на корупција во работењето на инспекциските служби, кој беше доставен до Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики за добро владеење и Државната комисија за спречување на корупција и за кој сметаме дека несомнено ќе претставува основа за преземањее на соодветните мерки за зајакнување на интегритетот на инспекциските служби.

За активноста Изготвување на анализа за проценка на капацитетите на ДПИ, надлежна институција е Државниот просветен инспекторат, а Инспекцискиот совет е

вклучена институција и нејзината цел е Подигнување на материјално-техничките услови и човечките ресурси во ДПИ. Во однос на оваа активност Советот во јануари 2022 година изготви Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби за 2021 година, со план за нивно доекипирање за 2022-2023 година, во која е опфатена анализата на човечките ресурси во ДПИ, со посебен осврт на вработените во ДПИ како инспектори и истата, со предлог заклучоци, беше доставена до Владата на РСМ на мислење. На 15 март 2022 година е донесен Заклучок на Владата на РСМ, во којшто се препорачува кадровското екипирање на инспекциските служби да се обезбеди преку внатрешно преземање или прераспоредување од други институции и истиот Заклучок е проследен до сите инспекциски служби, меѓу кои и Државниот просветен инспекторат. Во декември 2022 година од страна на Советот изработена е Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби за 2022 година, со план за нивно доекипирање, и истата, заедно со соодветните предлог заклучоци во текот на месец јануари 2023 година е доставена до Владата на РСМ. Во однос на материјално-техничките услови во ДПИ, преку меѓуресорска соработка и преку Владини одлуки за трајно користење без надомест, од Државниот завод за статистика, за Државниот просветен инспекторат обезбедени се 66 лаптопи наменети за инспекторите, а додека пак Инспекцискиот совет преку спроведување на јавна набавка обезбеди четири мобилни печатари за возилата кои инспекторите ги користат при спроведување на инспекциските надзори и сето тоа во функција на Е-инспектор.

За активноста Спроведување едукација и обуки за интегритет и етика, како и за подигнување на свеста на вработените во ДПИ за начинот на пријавување на обидите за влијание до надлежен орган – ДКСК и/или ИС, кадешто надлежна институција е Државна комисија за спречување на корупција, а Инспекцискиот совет и Државниот просветен инспекторат се вклучени институции, а чија цел е едукација и обуки за зајакнување на отпорноста на вработените во ДПИ од влијанија, Советот на 31.03.2022 година склучи Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Целта на овој Меморандум е промовирање на соработка и размена на меѓусебни искуства, координација и водење заеднички договорени активности во согласност со законските надлежности на двете Страни, а преку исполнување на неколку точки, меѓу кои и подготвување, организација и спроведување на обуки за инспекторите вработени во инспекциските служби под јурисдикција на Советот, кадешто припаѓа и Државниот просветен инспекторат. Покрај тоа, во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година е вклучена нова тема: Систем на интегритет во инспекциските служби, која се изработи во рамки на Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи, подржан од проектот на УСАИД за Граѓанско учество. Оваа обука е вклучена во Годишниот план за индивидуално и стручно усовршување и обука на инспекторите во 2023 година од ДПИ, како една од најмалку трите генерички обуки коишто се вклучуваат од Годишната програма.

За активноста - Формирање на посебен орган за инспекциската служба за храна или преземање на инспекторите во Државен инспекторат за земјоделство, надлежна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а Инспекцискиот совет заедно со Агенцијата за храна и ветерина и Државниот инспекторат за земјоделство се вклучени институции и нејзината цел е разграничување на надлежностите за креирање на

политики, нивно спроведување и надзор и со тоа решавање на проблемот на концентрација на надлежности во креирање на политики (закони и подзаконски акти), спроведување на политика и спроведување на надзор во областа на храна. Во однос на оваа активност, Инспекцискиот совет на својата 268-ма редовна седница, одржана на 27.07.2022 година, подготви и усвои Мислење по однос на интегрираниот Извештај за државна реорганизација (Број за идентификација на проектот EuropeAid /144876/DH/SER/MK Договор за обезбедување услуги бр. IPA/2019/410-262), во кој се предлага кон единствениот инспекторат во областа на земјоделството (Државен инспекторат за земјоделство) да се припои и шумската полиција и инспекцискиот надзор врз безбедноста на храната и истото го достави до Министерството за информатичко општество и администрација и Кабинетот на заменикот на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики за добро владеење. Исто така, врз основа на доставени Мислења по однос на „Информацијата за ревидирање на синтетизираниот извештај за реорганизација на министерскиот систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство", од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за храна и ветеринарство и Државниот инспекторат за земјоделство, во кои инспекциските служби даваат негативно мислење по однос на предложената реорганизација, Инспекцискиот совет, согласно Заклучок од 278-та седница на Инспекциски совет на 27.10.2022 година достави Известување до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и во кое се согласува со доставените Мислења и смета дека инспекциските служби и Инспекцискиот совет треба да бидат поставени надвор од министерствата, односно да бидат под директна надлежност на Владата.

- **Систем на интегритет**

Државната комисија за спречување со корупција, на почетокот на 2022 година, започна со пилотирање на процесот на имплементација на системот на интегритет како темел на доброто управување во државните институции, а Инспекцискиот совет беше една од петте избрани пилот институции кои ќе започнат со целосна имплеметнација на овој систем. Така, на 27.02.2022 година, Инспекциксиот совет донесе Политика за интегритет и назначи лице за интегритет кое ќе учествува во програмата за обука и менторирање на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Системот за интегритет е воспоставен на начин да овозможи државните органи и институции од јавниот сектор да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;

- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи и
- Управување со квалитет

Со цел воспоставување и зајанување на Системот за интегритет во Инспекцискиот совет, Советот во текот на 2022 година, покрај веќе постоечките внатрешни процедури кои регулираат дел од елементите за интегритет, донесе Процедура за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Инспекцискиот совет, Правила за постапување со подароци, погоднодости и гостопримства и измени и дополни неколку постоечки внатрешни процедури со цел зајанување на Системот за интегритет во Инспекцикси совет. Во текот на 2023 година планирано е да се подобрува Системот на интегритет преку имплеметација на ISO систем за управување со квалитет, како и дополни и измени на останатите внатрешни процедури на Инспецкискиот совет и огранизирање на обуки за вработените за Системот на интегритет.

### III.3.5 Соработка со Министерството за информатичко општество и администрација

Во текот на 2022 година Министерството за информатичко општество и администрација започна активности за изработка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација (2023-2030). Инспекцискиот совет, како координативно тело на инспекциските служби, во јули 2022 година беше вклучен во креирање на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030), во III Приоритетна област- Одговорност, отчетност и транспарентност.

Инспекцискиот совет, на 24.08.2022 година, со Циркуларен допис број 03-1029/4, се обрати до сите инспекциски служби на централно ниво, со цел добивање на предлог цели, мерки и активности кои може да бидат дел од СРЈА (2023-2030).

По разгледување на сите предлози и пропораки, Инспекциксиот совет одлучи да предвиде две мерки со соодветни активности, кои се однесуваат на подобрување на одговорноста, отчетноста и транспарентноста на процесот на инспекциски надзор и работењето на инспекциските служби, а ќе бидат дел од Стратегијата за реформа на јавната администација (2023-2030).

**Мерка 1 - Целосно воспоставување и развој на електронскиот систем за дигитализација на инспекциската постапка и инспекциското работење – „Е-инспектор“**

Активност 1 - Развој на модули за вклучување на 13 приоритетни инспекциски служби во електронскиот систем „Е-инспектор“.

Активност 2 - Развој на модули за вклучување на останатите 12 инспекциски служби во електронскиот систем „Е-инспектор“.

Активност 3 - Осовременување на хардверска подготовка на останатите 12 инспекциски служби.

Активност 4 - Развој на останатите процеси (модули) од електронскиот систем: Управување со задачи, Управување со средства, Управување со претставки и предлози, управување со човечки ресури, Подготовка и одобрување на други документи.

**Мерка 2 - Зголемена транспарентност на инспекциските служби**

Активност 1 - Унифицирање на веб страните на инспекциските служби

Активност 2 - Поврзување на веб страните на инспекциските служби со системот Е-инспектор

Мерките и активносите се имплеметирани во Стратегија за реформа на јавната администрација (2023-2030). За Мерка 1 предвидена е целосна реализиција на сите активности до крај на 2025 година, а за Мерка 2 до крај на 2027 година.

### III.3.6 Соработка со Министерство за труд и социјална политика

Во октомври 2022 година, Министерството за труд и социјална политика -Сектор за политика од областа на трудово право и политика на вработување достави барање на информции во врска со Конвенцијата за трудова инспекција, 1947 (бр.81), Конвенцијата за трудова инспекција (земјоделство), 1969 (бр.129) и Конвенцијата за администрација за трудот, 1978 (бр.150). Во барањата беше наведена потребата од давање на информации, статистики и активности на терен во однос на примената на Законот за инспекција на труд и Законот за инспекциски надзор согласно горенаведените Конвенции. Инспекцискиот совет, претставници од ИС како и директорите на Државниот инспекторат за труд и Државниот инспекторат за земјоделство, одржаа координативен состанок со претставници од Министерството за труд и и социјална политика по однос на ДИРЕКТНОТО БАРАЊЕ (од Комитетот CEACR) – усвоено во 2021 година, а објавено на 110-та седница на Меѓународната Организација на Труд (во 2022 година) Република Северна Македонија. Конвенција за трудова инспекција, 1947 година (бр. 81) (Ратификација: 1991 година), Конвенција за трудова инспекција (земјоделство), 1969 година (бр. 129) (Ратификација: 1991 година) и Конвенција

за администрација на трудот, 1978 година (бр. 150) (Ратификација: 2013 година), доставено за одговор до Инспекциот совет. Воедно на состанокот беше договорена и идна меѓусебна соработка со МТСП по однос на ова прашање.

Инспекцискиот совет по одржана седница достави одговорот на ДИРЕКТНОТО БАРАЊЕ до МТСП – Сектор за политика од областа на трудово право и политика на вработување.

### III.3.7 Соработка со Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје

Инспекцискиот совет е вклучен во проектот „Поттикнување на јавната дебата за отчетност" на Институтот за демократија – Социетас Цивилис Скопје, поддржан од Националниот фонд за демократија. Во текот на 2022 година Советот активно учествуваше на работилниците кои се организираа од страна на Институтот, а кои се однесуваат на стратешкото справување со идните антикорупциски предизвици.

### III.3.8 Соработка со НВО Инфоцентар и партнерските организации

Во текот на 2022 година во рамките на проектот „Локални инспекциски служби во интерес на граѓаните", во организација на НВО Цивика мобилитас, НВО Инфоцентар и НВО Спектар се реализираа шест (6) Работилници по планските региони, и тоа во: Штип, Велес, Битола, Струмица, Тетово и Скопје ( во Куманово и Струга работилниците се одржаа во 2021 година). На работилниците предавач за Законот за инспекциски надзор беше членот на Инспекциски совет, Благоја Гешоски кој исто така учествуваше и на завршната дебата на овој проект со наслов на тема „Закон за инспекциски надзор и локалните инспектори – придобивки и предизвици". На 8-те работилници активно учествуваа 186 општински инспектори од 46 општини од сите осум плански региони.

## III.4 Подобрување на работењето на Советот

Од исклучително значење за постигнување на резултатите од Годишниот план за работа, беше зајакнувањето на Советот и особено неговото место во инспекцискиот систем на државата. Токму овие „внатрешни" прашања имаа највисок приоритет во текот на 2022 година, при што беа планирани да се остварат следните резултати:

### III.4.1 Вработување на стручни административни службеници

Остварувањето на предвидените цели и приоритети на Советот се во директна зависност со бројот и структурата на службеници вработени во стручно – административната служба. Бројот на службеници вработени во службата, заклучно со 31.12.2022 година, изнесува 13 од предвидените 38, односно 34,2 %.

### III.4.2 Пополнување на работни места во Инспекциски совет

Во текот на 2022 година, стручната служба на Советот е зголемена за четири работни места и тоа две работни места се пополнети преку објавување на јавен оглас, односно советник за ИКТ и советник за следење и оценување на обуки, и две работни места се пополнети со спогодби за мобилност преку трајно преземање на вработен од еден во друг орган, односно еден раководител на одделение и еден помлад соработник. Исто така, успешно се спроведоа две постапки на планирани пополнувања на работни места преку унапредување, и тоа унапредување на административен службеник од работно место „советник„ на работно место „раководител на одделение" и унапредување на административен службеник од работно место „раководител на одделение„ на работно место „раководител на сектор". Меѓутоа, треба да се нагласи дека во 2022 година во Советот еден административен службеник – раководител на одделение, исто така, со спогодба за мобилност преку трајно преземање на вработен од еден во друг орган, од Советот е трајно преземен во друга институција и еден вработен – виш референт, го оствари правото на инвалидска пензија. Покрај тоа, работните места на двајца административни службеници се со статус „мирување", а едното од нив, на почетокот на 2023 година, по негово барање, оствари престанок на работен однос во Советот.

Треба да се нагласи дека во 2022 година се спроведоа и постапки за планирано пополнување на работно место преку унапредување на административен службеник од работно место со звање „помлад соработник" на работно место со звање „советник" , како и за пополнување на работно место преку ново вработување на виш соработник за јавни набавки, меѓутоа и за двете постапки не беше пријавен ниеден уреден кандидат. Со оглед на тоа што е добиена обнова на согласност за обезбедени финансиски средства за планираното унапредување и вработување од страна на Министерството за финансии, а кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2022 година, Советот во текот на 2023 година ќе направи Измена и дополна на Годишниот план за вработување за 2023 година, каде повторно ќе го предвиди гореспоменатото вработување, односно унапредување. Мора да нагласиме дека во Годишниот план за вработување за 2023 година на Инспекцискиот совет не е добиена согласност за ниту едно вработување, што е исклучително поразителен факт, особено имајќи ги во предвид новите надлежности во доменот на обука на инспекторите, како и во доменот на ИТ работењето (во моментов има вработено само едно лице).

Според тоа, јасно е дека со ваков потенцијал на човечките ресурси, не може да се очекува успешно спроведување на законските надлежности и обврски на Советот и ваквата состојба со недоволната екипираност влијае врз ефикасното и навремено извршување на надлежностите на Инспекцискиот совет, особено функциите за координирање и следење на работата на инспекциските служби.

### III.4.3 Стратешки план на Советот 2023 – 2025 година

Инспекцискиот совет е сосредоточен на доследно и сеопфатно спроведување на процесите на реформа на јавната администрација, а во тој контекст и на инспекцискиот

систем. Целта е ефикасно и ефективно задоволување на потребите и барањата на граѓаните и деловната заедница, преку развој на ефикасна и транспарентна инспекциска служба, како дел од јавната администрација, која ќе се потпира на интензивна дигитализација и оптимална структура. Процесот на континуирано стратешко планирање овозможува најдобра платформа за ефикасно спроведување на надлежностите на Инспекцискиот совет, и обезбедува гаранција за донесување на клучните одлуки, кои ќе овозможат остварување на визијата. Во тој контекст, Стратешкиот план на Инспекцискиот совет, ја поставува визијата за развој и одржливост, не само на институцијата, туку и на целокупниот инспекциски систем во Република Северна Македонија. Стратешкиот развој ќе се реализира низ неколкуте програми, дефинирани во Стратешкиот план на Советот за периодот 2023-2025 година. Планот ја идентификува одговорноста за спроведувањето на предвидените активности, ја определува временската рамка и показателите за успешност, преку кои ќе се следи спроведувањето на програмите, но и потребните човечки и финансиски ресурси за нивно спроведување. Сепак, остварувањето на утврдените приоритети и цели, бара висока професионалност на сите членови на Инспекцискиот совет и стручно – административната служба, но и нивна целосна посветеност на постигнување на посакуваните резултати. Се разбира, целосниот успех зависи и од останатите заинтересирани субјекти, пред се инспекциските служби, без чија поддршка и соработка, тоа нема да биде можно.

Главните развојни цели на Инспекцискиот совет, произлегуваат од неговите законски надлежности. Во наредниот тригодишен период, Инспекцискиот совет ќе се фокусира на целосно и доследно спроведување на законската регулатива за инспекциски надзор донесена во текот на 2019 година, спроведување на процесите на реформи во јавната администрација односно, реорганизација на инспекцискиот систем преку оптимизација на инспекциските служби за овозможување на ефикасно и ефективно и економично работење на истите, како и на сопственото доизградување и зајакнување на капацитетите за вршење на законските надлежности.

Во овој контекст Инспекцискиот совет има поставено пред себе повеќе стратегиски приоритети и цели, кои треба да бидат реализирани во периодот 2023-2025 година.

- **Приоритет 1 Автоматизиран и дигитализиран систем за следење и координација на работата на инспекциските служби**

Цел 1 – Целосна усогласеност, поедноставување и хармонизација на материјалните закони со Законот за инспекциски надзор,

Цел 2 – Спроведување на дигиталната платформа „е-инспектор“ во сите инспекциски служби на централно ниво,

Цел 3 – Воспоставување на внатрешни стандардни оперативни процедури за преземање дејства и постапување по примени информации,

Цел 4 – Засилување на улогата на Инспекцискиот совет, особено во координацијата на инспекциските служби,

Цел 5 – Реорганизација и намалување на бројот на инспекциски служби и зголемување на пополнетоста на работните места за инспектори на најмалку 80%.

- **Приоритет 2 Одржлив и дигитализиран систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби**

Цел 1 – Континуирана надградба на платформата за електронско учење на кандидатите за инспектори на општинско и централно ниво, како и на инспекторите во сите инспекциски служби на централно ниво,

Цел 2 – Спроведување на годишните програми за генеричка обука на инспекторите на централно ниво, како и на Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор,

Цел 3 – Подобрување на имиџот на инспекторите во Република Северна Македонија со високо ниво на генерално познавање на предметните области и развиени вештини и компетенции на инспекторите и кандидатите за инспектори,

Цел 4 – Воспоставување на професионална средина за обуки и јадро од високо професионални обучувачи инспектори,

Цел 5 – Продолжување на соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во областа на континуирано стручно усовршување на инспекторите.

- **Приоритет 3 Зајакнување на капацитетите на Инспекцискиот совет**

Цел 1 – Зајакнување на организациската поставеност на Инспекцискиот совет и целосно екипирање на сите сектори и одделенија,

Цел 2 – Воспоставување на програми за обука на вработените во Инспекцискиот совет, за систематско развивање на нивните вештини, знаења и однесување, потребни за исполнување на стратегиските приоритети и цели,

Цел 3 – Подобрување на активната транспарентност, отворени податоци за јавноста и поедноставен пристап до нив,

Цел 4 – Воспоставување на одржливи стратегиски партнерства и склучување на договори со релевантни заинтересирани страни, вклучувајќи меѓународни организации и асоцијации поврзани со инспекциските служби, инспекциски служби, министерства и други државни органи, стопански комори, невладини организации и донаторска заедница,

Цел 5 – Подигнување на свеста на граѓаните и на бизнис заедницата и обезбедено целосно разбирање (медиумско/јавно/политичко), за функцијата, улогата и значењето на Советот во процесот на реформата на јавната администрација,

### III.4.4 Годишен план за работа на Советот за 2023 година

Годишниот план за работа на Инспекцискиот совет за 2023 година е донесен врз основа на повеќеслојниот делокруг на работа на Советот, утврден во Законот за инспекциски надзор, како и на приоритетите содржани во Стратешкиот план на Советот (2023-2025), со особено внимание на спроведување на обврските кои за Советот произлегуваат од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија.

Клучните приоритети за 2023 година, се утврдени во областите на четирите програмски рамки, и тоа:

**1.Следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор**

- Давање мислења на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор со цел нивно усогласување со Законот за инспекциски надзор

- Давање предлози за изменување и дополнување на закони
- Давање на налог за вршење на единечен и заеднички инспекциски надзор

**2.Клучни производи и услуги на Советот**

- Донесување на Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2022 година,
- Давање мислења на шестмесечните извештаи за работа на инспекциските служби,
- Давање согласности за Годишните планови за работа на инспекциските служби за 2024 година,
- Обработка и анализа на месечни планови за работа на инспекциските служби,
- Обработка и анализа на Извештај за оценување на учинокот на инспекторите,
- Донесување на Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година,
- Анализа на индивидуалните годишни планови за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби
- Организирање и спроведување на генеричка обука на инспекторите,
- Организирање и спроведување на интерактивна обука за лиценца за инспектор,
- Издавање и одземање на лиценца на инспектор,
- Постапување по претставки на  физички и правни лица,
- Одржување на Регистрите на Советот,
- Надградба, управување и одржување на електронската платформа е–инспектор,
- Учество во подготвување на законски и други проекти во надлежност на други органи на управата.

**3.Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност**

- Потпишување на два меморандуми за соработка со сродни институции во Регионот,
- Зајакнување на соработката со ЕБОР,
- Спроведување на медиумска кампања,
- Управување и одржување на веб страницата на Советот,
- Редовни средби со инспекциските служби,
- Состаноци со други институции.

**4.Подобрување на работењето на Советот**

- Вработување на административни државни службеници,
- Донесување на Годишен извештај за работа на Советот 2022 година,
- Донесување на Стратешки план на Советот 2024 – 2026 година,
- Донесување на Годишен план за работа на Советот за 2024 година,

- Спроведување на обуки за стручно-административната служба на Советот,
- Зголемување на базата на инспектори обучувачи.

### III.4.5 Спроведување на обука за службениците во стручно-административната служба на Советот

Планираните генерички обуки за 2022 година (согласно Законот за административните службеници) вработените административни службеници во Советот, од технички причини ги немаат реализирано. Истите требаше да се спроведат преку Системот за управување со учење на Министерството за информатичко општество и администрација.

Неколку административни службеници зедоа учество и на обуката за практична и доследна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, спроведена од страна на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Еден административен службеник ја посети обуката за Е-пазар и набавки од мала вредност, организирана од од АСТ! ДОО Скопје.

Во текот на март 2022 година еден административен службеник посети 4 работилници во врска со подготовка на етички кодекси во институциите, заштита на укажувачите, конфликт на интереси, некомпатибилност на функциите и примање подароци, наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, транспарентност во работењето и управувањето со квалитет во јавниот сектор и за идентификување и минимизирање на ризиците од корупција.

Во втората половина на декември 2022 година, четири административни службеници ја следеа Обуката за обучувачи, организирана од страна на Инспекциски совет и се здобија за Потврди за успешно завршена обука за обучувачи.

Дополнително, во втората половина на декември 2022 година, во просториите на Инспекцискиот совет се одржа дводневна Работилница за вработените и членовите на Инспекцискиот совет за јакнење на капацитетите на Инспекцискиот совет. Главната цел на работилницата беше да се даде длабински преглед на елементите за капацитети, кои се неопходни да се подобри ефективноста и ефикасноста на Инспекцискиот совет. Специфичниотдел беше да се зголемат вештините кај членовите на Инспекцискиот совет во однос на личните вештини, лидерството, носењето одлуки и делегирањето, како и разбирање на стиловите на комуникација кои ќе им овозможат на вработените и на членовите поефективно и поефикасно да комуницираат. Работилницата беше фокусирана на: личните вештини во комуникацијата, тимското работење, управување со времето и поставување приоритети. На работилницата присуствуваа сите вработени во стручно-административната служба на Советот, како и Претседателот и сите членови на Инспекцискиот совет.

### III.4.6 Годишен план за спречување на корупција на Инспекцискиот совет

Постапувајќи по заклучоците од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 јуни 2022 година, согласно кој ги задолжи сите органи на државната управа да изготват и јавно да го објават на своите веб страници Годишниот план за проценка на ризици од корупцијата соодветен на нивната надлежност, Инспекцискиот совет подготви Годишен план за проценка на ризиците од корупција за 2022 година.

Годишниот план за проценка на ризици од корупцијата на Инспекцискиот совет за 2022 година е документ кој произлегува од планот за борба против корупцијата на Владата на Република Северна Македонија, наречен „Акција 21“.

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности. Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“, а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Борбата против корупцијата бара систематизирани напори и целосна посветеност на сите чинители во општествениот живот во Република Северна Македонија. Со задолжувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија на повеќе државни институции, меѓу кои и Инспекцискиот совет, за донесување на едногодишен план за проценка на ризици од корупцијата, се потврдува сериозноста на проблемот корупција и потребата од вклучување на сите засегнати страни.

Инспекцискиот совет, како креатор на политики, којшто има надлежности врз 28 инспекциски служби, од кои 14 функционираат како државни инспекторати, со статус на правно лице, буџетски корисници од прва линија, а 14 инспекциски служби функционираат како организациски единици во други органи на државната управа, има големо влијание врз спречувањето на корупцијата во државата.

Инспекцискиот совет изработи План за проценка на ризици од корупцијата согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи. Со реализацијата на целите и мерките од планот треба да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење најавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права.

Главни цели на Планот се обезбедување на следните вредности во работењето:

- Транспарентност;
- Отчетност;
- Сигурност;
- Општествена одговорност;
- Учество на јавноста;
- Почитување на законите.

Основните определби на Планот:

**Мисија** - обезбедување доверба на јавноста во извршувањето на инспекцискот надзор со јакнење на транспарентноста, отчетноста и сигурноста во инспекциското работење.

**Визија** - воспоставување на модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој ќе им овозможи на сите граѓани еднаков пристап до одговорни и траснпаретни институции и почитување на законите.

Во таа смисла, активностите кои Инспекцискиот совет ги превзема за спречување на корупцијата се:

- Проценка на ризик;
- Листи за проверка;
- Стручно усовршување и обука на инспектори;
- Постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;
- Е-инспектор.

### III.4.7 Мислење по однос на Интегрираниот извештај за државна реорганизација; Препораките за реогранизација на Инспекцискиот совет и Информацијата во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација

На 6 ноември 2019 година, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) со поддршшка на Европската унија, започна со реализација на ИПА 2017 проектот „Поддршка на државната реорганизација", чија цел оптимизирање на целокупната институционална рамка, преку реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт.

Согласно планот за работа, изготвен е Интегриран извештај за државната реорганизација кој е усвоен на 23-та седница на ВРСМ одржана на 8ми март 2022 година. Во извештајот утврдени се активности за пилотирање на три министерски системи и тоа: Министерството за информатичко општество, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија.

Од страна на МИОА, на 22.03.2022 година, добиено е Барање за номинација, за номинирање на едно контакт лице, три лица кои ќе бидат дел од Тимот за реорганизација и едно лице кое е дел од високото раководство, а ќе биде дел од Управниот одбор на министерскиот систем. Инспекцискиот совет навремено ги достави бараните номинации, односно контакт лице е Маја Срезоска, трите члена на Тимот за реорганизација се Благоја Гешоски (член), Меџит Јусуфи (член) и Маја Срезоска, а член на Управниот одбор е Даниела Рендевска (претседател).

На 22 јули 2002 година се одржа првиот состанок на Управниот одбор за реорганизација, на кој учествуваше претседателката на Советот и на кој се доставени и презентирани документите во кои се наведени препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет, односно препорака за укинување на Инспекцискиот совет и пренесување на неговите на надлежности на други институции.

По одржувањето на состанокот, од страна на МИОА побарано е мислење од Инспекцискиот совет за Препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет, кое требаше да се достави до 29.07.2022 година.

Следствено на ова, Инспекцискиот совет на својата 268 редовна седница, одржана на 27.07.2022 година донесе Мислење по однос Препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет (Recommendations on reorganisation of the Inspection Council - Project Identification N° EuropeAid/139876/DH/SER/MK Service Contract N° IPA/2019/410-262) и во кое е наведено дека препораката за укинување на Инспекцискиот совет Е НЕПРИФАТЛИВА, од следниве причини.

Имено, истовремено се предлага две од основните надлежности (координативната и едукативната улога) на Инспекцискиот совет, утврдени во ЗИН, да бидат трансферирани и истите да се вршат од страна на Министерството за економија или

Министерството за информатичко општество и администрација, што апсолутно е спротивно на изградениот концепт и поставеноста на инспекцискиот систем во државата, кој досега успешно функционира и дава резултати. Ваквиот предлог е даден без конкретно предложени одржливи решенија за функционирање на контролниот механизам на државата што во суштина би можеле да доведат до целосен колапс на инспекцискиот систем и не можност на државата да ја спроведува својата извршна власт. Ова дотолку повеќе што и предлагачот смета дека на државно ниво треба да постои еден управен орган кој ќе ги координира сите инспекциски служби на државно ниво и ќе се грижи за едукација на сите инспектори на државно и општинско ниво, а тоа секако не може да биде едно од двете предложени министерства, бидејќи и тие во својот состав имаат инспекторати, со што ќе ги стави во неповолна и подредена положба останатите министерства, кои се на исто ниво на поставеност во државната управа. Со тоа, се доаѓа до **заклучок дека постоењето на Инспекцискиот совет и зајакнување на неговата улога како координативен орган поставен на повисоко ниво во хиерархијата на органите на државната управа од инспекциските служби, е неопходна за функционирањето на инспекцискиот систем во државата**.

Дополнително, Инспекцискиот совет на истата седница донесе и Мислење по однос на интегрираниот Извештај за државна реорганизација (Број за идентификација на проектот EuropeAid/144876/DH/SER/MK Договор за обезбедување услуги бр. IPA/2019/410-262). Во мислењето на Советот е наведено дека во овој Извештај не е земен во предвид документот Предлог за реорганизација и оптимизација на инспекцискиот систем кој беше изработен во 2018 година од страна на Проектот за модернизација на инспекциските служби финансиран од УСАИД и имплементиран од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо, кој беше прифатен МИОА и Инспекцискиот совет. **Советот смета дека и инспекциските служби и Инспекцискиот совет треба да бидат поставени надвор од министесртвата, односно да бидат подредени на Владата. Ова особено ако се земе предвид дека дел од инспекторатите покриваат меѓуресорски прашања, а исто така дел од нив вршат надзор и над министерства.**

На 6 декември до Инспекцискиот совет е доставена Информација во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација и предлог заклучоци од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и побарано е мислење на Инспекцискиот совет по однос на доставената Информација.

Инспекцискиот совет во однос на предлогот на Министерството за информатичко општество и администрација презентиран во Информацијата во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација, а кој се однесува на укинување на Инспекцискиот совет на својата 284 вонредна седница одржана на 7.12.2022 го разгледа предлогот и даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Имено, за Инспекцискиот совет останува не јасно како е утврдена фактичката состојба за укинување на Советот, која е дијаметрално спротивна на хоризонталната анализа

презентирана во Интегрираниот извештај усвоен од Владта на Република Северна Македонија на 08.03.2022 година според која не е утврдена потреба за промени во работењето на Инспекцискиот совет и без при тоа да се остварат средби и консултации меѓу ексертите кој го изготвувале овој документ и Инспекцискиот совет, како и без да се дадат одговори и аргументи по однос на доставените мислење на Советот од 27.07.2022 година.Што се однесува до доставената Информација во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација“ за министерскиот систем за информатичко општество и администрација, конкретно во однос на изнесениот став дека се идентификувани моментални сложени и фрагментирани линии на отчетност на инспекторатите и инспекциските служби, Советот е на ства дека напротив со донесување на новиот Закон за инспекциски надзор во 2019 година, ова е надминато и моментално инспекциските служби на државно ниво кои се координирани од Советот за својата работа доставуваат шестмесечни извештаи само до Инспекцискиот совет, а Советот еднаш годишно ја информира Владта на Република Северна Македонија за работата на инспекциките служби. Исто така, Советот за својата работа еднаш годишно ја информира Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија. Квалитетот на работењето на инспекциските служби Советот го мониторира преку давање на мислење по однос на шестмесечните извештаи. Со вака поставениот начин на отчетност се обезбедува унифицираност на извештаите и во линијата на отчетност инспекциските служби доставуваат извештај за својата работа само до Советот, кој пак ја информира Владата. Сето ова е доказ дека ставот на експерот е не издржан во однос на неговата констатција дека со Инспекцискиот совет како институција посредник, ланецот на водство и отчетност е нарушен. Напротви, е спротивен и на заложбите со кој се цели на јасна хиерархиска подреденост согласно улогата на институцијата (креатор на политики, спроведувач на политики, спроведувач на инспекциски надзор). Имено, никако не може креаторот на политики истовремено да биде и спроведувач на инспекциски надзор (контролор), бидејќи во тој случај целосно е нарушена независноста на инспекциските служби. Осамостојувањето на инспекциските служби беше долготраен процес со кој е зајакната улогата, самостојноста, функционалноста и препознатливоста на инспекциските служби и истиот е поздравен од меѓународниот фактор (УСАИД, ЕБОР, Меѓународна организација за труд). Во овој контекст, во изминатвие 5 години, Република Северна Македонија заедно со меѓународниот фактор (УСАИД и ЕБОР) финансиски го поддржа процесот на модернизација на инспекцискиот систем во државата преку зајакнување на кадровските и техничките капацитети на инспекциските служби и Инспекцискиот совет, кои произлегоа од донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор во 2019 година.

Не е прифатлива и констатацијата дека Инспекцискиот совет ја нарушува хиерархиската врска помеѓу министерствата и нивните соодветни инспекциски служби и инспекторати. Напротив, Инспекцискиот совет со својата координативна и контролна улога на Владата и овозможува сублимирани податоци за работата на инспекциските служби. Кога станува збор за политичката одговорност на директорите на инспекциските служби јасно е дека таа е далеку поголема во услови кога ги избира и разрешува Владата (за што предлог за разрешување на директор може да даде и Инспециксиот совет), отколку кога тоа би било надлежност на само еден министер. Факт е дека враќањето на инспекциските служби под

„капата" на министерствата (хиерахиски и буџетски) е ретрограден процес со кој се акумулира моќ во министерствата. Исто така се поставува прашање дали кога министерот ќе биде работодавач и налогодавач на инспекциите немаме класичен судир на интереси, идентичен како кај градоначалниците и општинските инспектори, состојба која е критикувана како од домашни и меѓународни експерти.

Самиот факт дека и во други држави има институција (орган, тело и сл.) за координација на инспекциските служби е потврда дека инспекциските служби треба да бидат координирани од еден независен центар, со цел да се обезбеди нивната независност од една страна, како и да се обезбеди унифицираност во потстапката за инспекциски надзор од друга страна. Загрижувачки е фактот дека експертите воопшто не ги зеле во предвид моменталните функции на Советот во поглед на издавање на лиценци за државните и локалните инспектори во областите кои се во надлежност на Советот, постапувањето по преставки од физички и правни лица во однос на работењето на инспекторите и субјектите на надзор, како и воспоставувањето и одржувањето на електронскиот систем е- инспектор кој го спроведува Советот и е основна алатка за борбата против корупцијата и дигитализацијата на општеството.

Дополнително, една од основните функции на Инспекцискиот совет, како самостоен орган на државната управа, кој за својата работа е одговорен пред Владата на Република Северна Македонија е неговата координативна улога во однос на сите инспекциски служби. Оваа функција, која му е законски утврдена на Советот (и која до сега успешно ја извршува), произлегува од неговата логичната поставеност едно скалило повисоко во хиерархијата на извршната власт над сите инспекциски служби, кои по својот статус се органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа.

Од горенаведеното, може да се констатира дека целиот процес на реорганизација на министерскиот систем за информатичко општество и администрација во однос на укинувањето на Инспекцискиот совет е нетранспарентен, донесените Мислења на Инспекцискиот совет од 27.07.2022 година, воопшто не се земени во предвид при изработката на доставената Информација во врска со проект ИПА 2017 „Поддршка кон државна реорганизација" за министерскиот систем за информатичко општество и администрација, постои отсуство на опсежни анализи на сите постоечки правни акти, постојни документи, ревизорски извештаи, реализирани и тековни меѓународни проекти во однос на модернизација на инспекцискиот систем во државава и во нитуеден момент не се побарани никакви информации за работењето на Советот, ниту пак е извршена посета на Инспекцискиот совет од страна на ангажирани експерти, врз основа на што би се изградиле нивните ставови презентирани во Информацијата.

## IV. БУЏЕТ И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Вкупниот одобрен буџет за 2022 година на Инспекциски совет, изнесуваше 86.020.000,00 денари, согласно Буџетот на РСМ за 2022 година (Сл.весник на РСМ 287/2021 од 20.12.2021 година). Во текот на годината, согласно член 7 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2022 година (Сл.весник на РСМ број 287 од 20.12.2021 година), како и согласно Измена и дополнување на Буџетот на РСМ (Сл.весник на РСМ број 164 од 20.07.2022 година), Одлука за прерспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите (Сл.весник на РСМ број 232 од 02.11.2022 година) и Одлука за прерспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите (Сл.весник на РСМ број 272 од 16.12.2022 година), Буџетот на Инспекциски совет е намален на 27.285.000,00 денари, по барање на Советот, а од причина што планираните средства за развој на процесот на инспекциски надзор (втора фаза, вклучување на 13 приоритетни служби) на износ од 21.000.000,00 денари Советот успеа да ги обезбеди преку проектот "Развој на е-инспектор, продолжување на поддршката на реформи на инспекцискиот систем", финанасиран од Европска Банка за обнова и развој, планираните средства за преносни компјутери за 16 инспекциски служби на износ од 32.000.000,00 денари Советот успеа да ги обезбеди преку Договор за донација со Државниот завод за статистика, како и намалување од 2.000.000,00 денари кои беа предвидени за вработување на три ИТ лица со Договор на дело, кои не се реализираа во текот на 2022 година.

Буџетот од 27.285.000,00 денари е реализиран со 95,75%, односно реализирани се 26.125.657,00 денари и тоа: 15.731.486,00 денари за Плати и андоместоци на вработените, 3.924.713,00 денари за Стоки и услуги и 6.469.458,00 денари за Капитални расходи.

Во 2023 година Инспекциски совет ќе располага со буџет од 52.592.000,00 денари, согласно Буџетот на РСМ за 2023 година (Сл.весник на РСМ 282/2022 од 27.12.2022 година) распределен на соодветни групи на расходи прказани во Табела 13 Буџет на Инспекциски совет за 2023 година.

Одобрените средтва ќе бидат доволни за трошоците за редовното работење на Советот, за осовременување на инспекциските служби кои е предвидено да се приклучат на електронскиот систем „Е-инспектор" во 2023 година, доразвивање на системот „Е-инспектор", како и за одржување и хостирање на системот „Е-инспектор" и платформата за е-учење ЛМС.

Реализацијата на дел од средствата за Капиталните расходи, кои се одобрени на ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства во износ од 13.932.000,00 денари, а се предвидени за Развој на процесот на инспекциски надзор (трета фаза) за останати 12 инспекциски служби кои во овој момент се организирани како внатрешни организациски единици во состав на органите на државната управа, ќе зависи од крајниот исход на процесот на реорганизација и оптимизација на инспекциските служби кој се одвива како дел од сеопфатниот процес на реорганизација и оптимизација на јавната администрација.

Табела 13 Буџет на Инспекциски совет за 2023 година

| РБР | Опис | Расходи од Буџет |
|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци на вработените | 18.000.000,00 |
| 2. | Стоки и услуги | 11.660.000,00 |
| 3. | Капитални расходи | 22.932.000,00 |
| ВКУПНО | | 52.592.000,00 |

## V. ЗАКЛУЧОЦИ

Во Годишниот план за работа на Советот за 2023 година, се идентификуванчетири ризици, чие појавување може да влијае на загрозувањето на редовното работење и остварувањето на планираните цели и резултати. Тие ризици се:

- Ненавремено и нецелосно функционирање на дигиталната платформа „е-инспектор"
- Ненавременото и нецелосното пополнување на работните места во согласност со Актите за организација и систематизација на работните места во Инспекцискиот СоветФ
- Неусогласеност на материјалните закон со Закон за инспекциски надзор и
- Оневозможување на процесот на стручно усовршување и обука на инспекторите и кандидатите за инспектори

Спроведувањето на Планот за работа во 2023 година, сериозно ќе зависи од појавата на ризици кои го загрозуваат редовното работење.

Недоволна екипираност на Инспекцискиот совет, претставува сериозен и најголем ризик кој може да влијае на ефикасноста и ефективноста на извршување на обврските кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор. Во моментот на изготвување на овој Извештај во стручната служба на Советот се пополнети 10 работни позиции (од кои едно е во мирување), а се очекува подолго отсуство на уште две работни позиции во текот на 2023 година поради породилно отсуство, иако се систематизирани 38 работни места. Тоа значи дека Советот во текот на 2023 година треба да функционира со само 8 пополнети работни позиции во стручно-административната служба (од кои 1 во мирување), што претставува сериозен ризик при остварување на ефикасноста и ефективноста на извршување на обврските кои произлегуваат од Законот за инспекциски надзор. Инспекцискиот совет има потреба од итно зајакнување на човечките капацитети, во сите 3 сектори и независното Одделение за финансиски прашања.

Сепак, како што може да се заклучи од презентираните информации во овој Извештај, Советот во 2022 година, не само што успеал добро да се справи со предвидените ризици, тоа уште подобро го направил и со непредвидениот ризик, ја проширил соработката со повеќе домашни и странски институци и институции и невладиниот сектор,.

Во однос на улогата на Советот, во 2022 година најголем предизвик беше предлогот за реорганизација на Инспекцискиот совет, односно препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет (Recommendations on reorganisation of the Inspection Council - Project Identification N° EuropeAid/139876/DH/SER/MK Service Contract N° IPA/2019/410-262) изработени во рамки на ИПА Проект во МИОА, со кој се предлага укинување на Инспекциксиот совет и трансфер на неговите функции во други органи. Со ваквиот предлог се наруши кредибилитеот на Инспекцискиот совет и доведе до одлевање на кадри од Инспекцискиот совет и не конкурентност за вработување на нови лица, И покрај

овој предизвик, интензивната соработка со домашните и странските институции овозможија не само инспекциските служби, туку и пошироката домашна и странска јавност да се стекнат со правилно разбирање на улогата на Советот во инспекцискиот систем. Инспекцискиот совет ја прошири својата соработка на сите полиња, особено во делот на , продлжувањето на развивање на електронскиот систем „Е-инспектор“, што само по себе ќе придонесе за поефикасно и поефективно работење на Советот и инспекциските служби

Тоа, посредно влијаеше и на елиминирање на ризикот за ефикасна и навремена комуникација меѓу инспекциските служби и Советот, што резултираше со значително подобрување на почитувањето на законските обврски кон Советот од страна на инспекциските служби. Доказ за тоа е фактот дека најголемиот дел од инспекциските служби редовно и навремено ги доставуваа своите плански и извештајни документи до Советот, при што значително е подобрен и нивниот квалитет, споредено со претходните години. Кон овој напредок голем придонес има новиот Закон за инспекциски надзор и подзаконските акти донесени од Советот, МИОА и ВРСМ, кои се многу по интуитивни и поедноставни за примена.

Во целина, овој Извештај покажува дека од предвидените 27 програмски определби/активности во Акцискиот план за спроведување на Годишниот план за работа на Советот во 2022 година, не се реализирани само 2 активности. Но, важно е да се нагласи дека две од овие биле под директно влијание на донесените мерки за штедење од Владата на РСМ.

Советот не беше во можност да ги реализира предвидените активности за медиумската кампања, ниту пак да ги преговара и потпише двата меморандуми за соработка со сродни институции во Регионот, поради немање на доволно финансиски средства за овие активности.

Врз основа на сето погоре, Советот им препорачува на Собранието на РСМ и на Владата на РСМ да го разгледаат Годишниот извештај за работа на Инспекцискиот совет во 2022 година, како материјал за информирање.